# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## ОД ЈАВНАТА РАСПРАВА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ, ОДРЖАНА НА 22 ЈУЛИ 2009 ГОДИНА

**Силвана Бонева:**

Добар ден на сите.

Почитувани колеги, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, добре ми дојдовте на денешната расправа четврта по ред која што ја организира Националниот совет согласно мислењето кое што го донесовме кон крајот на 2008-та година, со која утврдивме приоритети на закони со кои што треба Националниот совет да спроведе јавна расправа, со цел да ги слушне сите луѓе кои што се заинтересирани за областа за која што ја третираат законите кои што ќе бидат на дневен ред, а кои што се поврзани со нашата европска агенда.

Денес, имаме огромен предизвик, ви благодарам искрено на сите оние што денес дојдовте, се одзвавте на нашата покана, на експертите, на Народниот правобранител, на невладините организации и пред се, морам да кажам искрена благодарност на мисијата на ОБСЕ на која што и овој пат има доставено свои забелешки и свои видувања за Законот за Кривична постпка.

Уште еднаш добредојде на сите. Посакувам денес да имаме плодна расправа која што ќе овозможи реформите кои се однесуваат на Кривичното право да бидат направени не само од Министерството за правда, не само од неколку експерти кои што тие ги ангажирале, туку сите заедно да учествуваме во овие реформи, се со цел Република Македонија да направи голем исчекор кој што е потребен не само заради европските интеграции на Република Македонија и позитивните оценки кои што треба да дојдат, ако доволно добро си ја одработиме домашната задача, туку и заради заштитата на човековите слободи и права, заради подобриот казнен систем во Република Македонија и заради вредностите на која што треба да почива нашата демократија.

На самиот почеток сакам да искажам голема благодарност до потпретседателот на Владата за европски прашања, господинот Васко Наумовски кој што не почести на оваа наша денешна трибина. Минатиот пат знаете од оправдани причини заради господинот Хавиер Солана не беше присутен, но еве денес е состевен дел од тимот на Националниот совет за евроинтеграции и во исто време да го поздравиме и министерот за правда кој што постојано е овде со нас кога работиме на закони кои што се поврзани со правото и правосудството.

Сакам на почетокот да му дадам збор на потпретседателот на Владата кратко да ни се обрати, а потоа збор ќе земе господинот Михајло Маневски министер за правда.

**Васко Наумовски:**

Благодарам.

Дозволете ми јас од моја страна да го искажам моето задоволство што сум денеска овде и се надевам дека соработката што по изминатиот период била воспоставена, ќе биде зајакната во периодот што следи. Секако дека Националниот совет за евроинтеграции е клучните фактори за обезбедувањето на широк консензус не само за законите, туку и за севкупниот процес на приближување на нашата држава кон Европската унија.

Денеска на разгледување се фактите кои се однесуваат, кои што се дел од пошироката рамка за реформа на правосудството. Секако дека дел од мотивите за пристапување кон измените на овие закони произлегоа од евроинтегративниот процес, како и од потребата за зајакнување на борбата против организираниот криминал и корупцијата. Овие две области се дел од клучните приоритети за пристапување на Република Македонија кон Европската унија и се надевам дека ќе биде обезбеден еден поширок политички консензус во процесот на напредок во овие две области и исто така би го искажал мојата надеж дека Министерството за правда ќе ги земе предвид сите забелешки што ќе бидат истакнати на седниците на Националниот совет за евроинтеграции и дека сите заедно ќе продолжиме со

остварување на сите зацртани приоритети. Како што спомена и госпоѓата Бонева, пред се придобивките од измените на сите закони и придобивките од севкупниот процес на евроинтеграција ќе бидат намногу почуствувани од граѓаните на Република Македонија и сите измени на законите не се прават затоа што Брисел тоа го бара од нас туку затоа што тоа ќе придонесе кон подобрување на севкупната состојба внатре во државата и ќе придонесе за подобрување на стандардот на македонските граѓани. Не би сакал да навлегувам во деталите на законот, тоа секако ќе ни го образложи министерот за правда. Засега сакам само да ви се заблагодарам на поканата и се надевам дека во иднина блиску ќе соработуваме.

**Силвана Бонева:**

Благодарам почитуван потпретседателе.

А сега едно кратко известување за сите колеги членови на Националниот совет и за сите кои не почестија да бидат денес на оваа јавна расправа. Денешната расправа ќе ја водиме во два дела. Во првиот дел ќе се осврнеме на Законот за Кривична постапка за кој што како Национален совет се договоривме дека треба да имаме јавна расправа и сите оние кои што се заинтересирани за дискусија можат да ги пополнат формуларите и да се пријават. Време за дискусија имаме час и петнаесет минути и би ги молела сите дискутанти колку што може пократко и појасно да се произнесат за законското решение кое што е пред нас, односно за драф-верзијата, работната верзија на Законот за Кривична постапка. А во вториот дел после една кратка пауза од десет до петнаесет минути ќе се осврнеме на Кривичниот законик кој што не претставува дел од акциониот план за кој што се договоривме дека ќе имаме јавна расправа, меѓутоа заради тежината, заради значењето на судските реформи, посебно во делот на Кривичното право ценевме дека е добро во пакет да го разгледуваме и Законот за кривичната постапка и Кривичниот законик кој што веќе денес треба да влезе во собраниска процедура и затоа ќе бидат добредојдени сите размислувања по однос на овој закон. Значи, затоа ги молам сите присутни кои сакаат да зборуваат и за Законот за кривична

постапка и за Кривичниот законик да ги пополнат формуларите со цел за да можеме да го планираме времето.

Сега збор му давам на министерот за правда господинот Михајло Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:**

Благодарам почитувана госпоѓа Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани дами и господа пратеници, уважени професори, ценети колеги, почитувани претставници на многу органи и организации денес присутни на оваа јавна расправа.

Ве поздравувам сите и ви благодарам на вашето учество и за вашиот придонес што се очекува да го дадете по повод јавната расправа за новиот закон за Кривичната постапка. Во програмата за работа на Владата на Република Македонија за усвојување на правото на Европската унија е содржан концепт за поголеми структурни реформи за унапредување на ефикасноста на казненото право како клучен приоритет. Владата оцени дека без суштински промени во казненото законодавство уставните и законските реформи во судството нема да ги дадат очекуваните резултати. Тргнувајќи од потребата за реформи во казнената област Министерството за правда по широка јавна расправа со вклучување на врвни експерти подготви стртегија за реформа на казненото право. Владата во јули 2007 година ја усвои стратегијата и го заложи Министерството за правда да пристапи кон спроведувањето на обврските од стратегијата во согласност со утврдениот акционен план. Основните начела врз која се заснова стратегијата се насочени кон востановување на нов систем на правила на казнената постапка што ќе гарантира заштита на основните човекови права и слободи, веродостојно и објективно утврдување на вистината за ефикасна, брза, едноставна и економична постапка која ќе води сметка на природата и тежината на казненото дело, личноста на обвинетиот, првото на одбрана, заштита на жртвата како врвни приоритети за заштита на општеството од казниви дела. Ова е досега една од најголемите

реформи на казненото прво во Република Македонија. Во изминатите години бројни анализи укажуваа дека на постоењето на значајни проблеми во кривично правниот систем придизвикани од бавни и недоволно ефикасни постапки, преоптовареност со голем број предмети па и багателни, преклопување и недоволно јасно разграничување на функциите во откривањето и гонењето, извршувањето на судските одлуки, слабеењето на довербата на граѓаните во успешноста на казнената постапка. Се утврди потребата кривично правниот систем да се уреди на начин што ќе овозможува општеството успешно да се справи со општествените проблеми заради заштита на виталните интереси на државата, како што се справувањет пред се  со сериозните кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата и други кривични дела со кои се загрозуваат правата и слободите на граѓаните. Законот за кривичната постапка во изминатите децении од неговото донесување беше повеќе пати  изменуван и дополнуван, но сето тоа што во законот се вградуваше ја немаше потребната конзистентност и целовитост на решението, па се забележуваше одредена некомпатибилност на одредбите од законот. Овој Закон за кривична постапка долго време влече застарени решенија кои се неефикасни. Последните решенија воопшто не одговараат на новиот систем на откривањето и гонењето на сторителите на дела на новите облици и кривични дела, на достигнување на науката на современи мерки и средства, за поефикасна превенција и поефикасно откривање, докажување и гонење на сторителите на кривични дела. Токму поради ова се зафативме со ова исклучително тешка и сложена работа на која работиме скоро две години за да дојдеме до оваа работна верзија на Законот за Кривичната постапка, а се разбира паралелно работевме во измените и дополнувањата на Кривичниот законик. Новините во казнено правниот систем во основа се компатибилни со соодветните казнено правни системи на Европа и најнапредните достигнувања и потврдени решенија во други држави. Законот за Кривичната постапка  најдиректно ги допира основните права и слободи и заштита на тие права во процедура која мора да обезбедува објективност, самостојност и ефикасност.

Дами и господа,

Проблемот со кој се зафативме не е ниту едноставен, ниту лесен, туку е проблем со кој моравме да се соочиме и темелно да уредиме на нови основи еден современ казнено правен систем. За реализацијата на планираните активности и од стратегијата во Министерството за правда беа формирани четири работни групи кои што две работеа на измените на Кривичниот законик, а две на Законот за Кривичната постапка. Во подготвувањето на законот доста интезивно се работеше со тоа што се одржаа бројни тркалезни маси, семинари, советувања, работилници, преку стотина седници на комисијата, преку педесетина тркалезни маси, советувања значи во различни области и дејности, а притоа се има во предвид компаративните искуства од развиените казнено правни системи како што е Германија, Холандија, Белгија, Словенија, Хрватска и други. Значи целта ни беше да се обезбеди една транспарентност во донесувањето на законот и токму поради тоа беа организирани сите тие расправи и да во организирањето на расправите што беа исклучително добро посетувани имаа плодни дискусии на тие расправи, што значеа доградба на решенијата во Законот за Кривичната постапка. Значи се бараа најефикасни решенија од страна на голем број судии, на јавни обвинители, на адвокати, здруженија, судии, јавни обвинители, здружение за кривично право, криминологија од домашни и странски експерти. Новиот Закон за Кривична постапка е побликуван и долго време се наоѓа во рацете на судовите, на јавните обвинителства, на Адвокатската комора, на Нотарската комора, на финасиската полиција, Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, здруженијата и многу други органи токму поради целта за широко вклучување на голем број субјекти кои треба да дадат соодветни сугестии, забелешки, заради доградување и вклучување на најефикасни решенија како што треба да значат уредувањето на законот. Во таа смисла е и оваа јавна расправа која што се организира за овој Закон за Кривичната постапка. Сакам да кажам дека посебен придонес во овој процес дадоа донаторите и нашите пријатели од канцаларијата на владеењето на правото на ОБСЕ, на правната канцаларија на Американската амбасада ОПТАТ, за Германската

фондација за меѓународна правна соработка СОРОС и Твининг проектот на Италијанската влада на Европската комисија во јавност __ на Република Македонија.

Почитувани дами и господа,

Решенијата содржани во новиот Закон за Кривичната постапка се засновани врз бројните истражувања и компаративните анализи што ги направивме. Најголемите измени се однесуваат пред се на претходната постапка, функцијата на јавниот обвинител, истрагата, главната расправа, правните лекови и други одредби од законот, сосема се менува положбата на Јавниот обвинител во Кривичната постапка. Јавниот обвинител е надлежен да донесува наредба и да спроведува истражна постапка, основно право и должност на Јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривичните дела за кои гонењата се превземаат од службена должност. Да пронаоѓа и предлага докази, да предлага привремени мерки за обезбедување на имот или предмети прибавени од кривично дело. Да ги упати оштетениот и сторителот во постапката на медијација. Да преговара и спогодува со обвинетиот за признавање на вината на начини и услови определени со законот. Да поднесува и застапува обвиненија пред надлежен суд. Да се грижи на начинот на спроведување на санкциите изречени за кривични дела и други надлежности предвидени во Законот за Кривичната постапка. Во функција на Јавниот обвинител е правосудната полиција која по службена должност или по наредба на Јавниот обвинител превзема мерки и активности со цел за откривање за сторителите на кривичните дела, фаќање и пријавување на сторителите, обезбедување на докази и други мерки и активности што може да користат за непречено водење на кривичната постапка. Правосудната полиција спроведува истражување и дејствија наложени од судот или од јавниот обвинител. Законот предвидува формирање на истражни центри за едно или повеќе јавни обвинителства со решение на Јавниот обвинител на Република Македонија. Се воведуваат нови мерки на претпазливост и нови алтернативни мерки, сосема прецизно се уредуваат одредбите за задрж ување и доведување на задржаното лице пред службеникот за прифат, на постапката со

задржаното лице, за куќниот притвор и за притворот воопшто, се определуваат на еднакво рамниште правата на тужителот и правата на одбраната, се напушта класичниот концепт на истрага и се воведува судија на претходната постапка со прецизно утврдено надлежности. Судијата на истрагата одлучува за дејствија превземени во претходната постапка за определувањето и продолжувањето на притворот, за давање на судски налог за примена на посебни истражни мерки, како што се прислушкувањето и другите посебни истраги и мерки предвидени во законот. Тоа во суштина значи контрола на законитоста на работата на Јавниот обвинител. Значи се предвидува укинување на судската истрага и воведување на обвинителска истрага. Истрагата преминува од раце на истражниот судија во рацете на Јавниот обвинител. Во суштина тоа значи доследно раздвојување на функциите, на прибавувањето на доказите и податоците за подигнување на обвинение за кривично дело кое се гони по службена должност. Оваа функција му припаѓа на Јавниот обвинител, а функцијата на одлучувањето во кривичната постапка му припаѓа на судот. Тоа значи дека Јавниот обвинител добива нови овластувања да прибавува докази, известување и податоци и да спроведува истрага, а судот е дложен орган кој што ќе суди. За прв пат во нашето процесно казнено законодавство се воведува признавање на вината и спогодување за санкцијата, ____ спогодување и мирење за полесните кривични дела и поедноставните постапки. Во Законот за Кривичната постапка има посебни одреди за жртвата и за правата на жртвата и оштетениот во кривичната постапка. Се напушта судскиот ___ и префрлување на товарот на докажување на странките, судот ќе суди врз основа на доказите на обвинението и доказите на обвинителот и доказите на одбраната. Се воведува вкрстено испрашување. Раководната улога на Јавниот обвинител во претходната постапка во суштина претставува ефикасна контрола врз работата на полицијата. Се воведува систем на мерки против злоупотреба на процесните овластвување на странките за непотребното и смислено одолговлекување на странката. Се предвидуваат строги рокови за донесувањето и писмена изработка на пресудата. Се предвидува рационализација во системот на правните лекови. Со новиот Закон за Кривичната

постапка се имплементираат препораките на Европската унија и Советот на Европа за казнената постапка, се креира ефикасно јавно обвинителство и се востановува нова операционализација, операционална и менаџерска структура во обвинителството со инспектори и експерти од различни области или дејности. Се формираат истражни центри, јакне функцијата на раководењето и соработката на јавниот обвинител со полицијата и со другите органи, се менува сегашната положба на Јавниот обвинител од нагласената позиција на барател кон активен чинител кон прибавување на доказите и податоците и одговорноста, за спроведувањето и за квалитетот на постапката. Во оваа пригода почитувани дами и господа, сакам да изразам и јас посебна благодарност на нашите уважени професори што работеа на подготовката на Законот за Кривичната постапка, д-р Калајџиев, проф. Гордана, кои ги предводеа работните групи, посебна благодараност би сакал да ги искажам на ОБСЕ, на ОПТАТ, на Фондацијата отворено општество, на СОРОС, на Германската фондација меѓународна правна соработка на професор Херман, професор Капат, на професор Новосел, на Твининг проектот на Јавното обвинителство и за се што сторија им изразувам посебна благодарност.

Тргнувајќи од појдовните основи за реформата со казненото право, со новите законски решенија и со нивната доследна примена се очекува казнено правниот систем во Република Македонија да стане поефикасен, да зајакнат капацитетите за борбата против криминалот особено тешкиот софистициран криминал и корупцијата и за заштита на правата и слободите на граѓаните.

Во оваа прилика исто така на крај би сакал да им изразам целосна благодарност на голем број на судии, јавни обвинители, инспектори, на адвокати, на сите оние што долго време, две години беа со нас, и кои што напорно работеа на подготвувњето на новиот закон за кривичната постапка. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам министре за опсежниот осврт на ова значајно прашање на Законот за кривичната постапка. На самиот почеток од денешната дискусија би

сакала сосема накратко да се осврнам на овој закон за кривична постапка и за реформите во областана на казненото право, на државата со стекнувањето на кандидатскиот статус на Република Македонија за полноправно членство во Европската Унија. Процесот на реформата на материјалното казнено законодавство, стана уште поактуелна заради потребите за усогласување на националното со законодавството на Европската Унија.

Реформата на Казнено-правниот систем претставува една од клучните приоритети на Република Македонија но и приоритетна основа, правна, политичка и општествена задача.

Казнено правната реформа е најважна и најтемелна реформа на правниот систем и системот на правдата како и воопшто на државата. Оваа реформа исклучително е сериозна и сложена работа на државата без суштински промени во казненото законодавство, како што спомна и министерот, уставните, законските реформи во судството нема да ги дадат очекуваните резултати.

Стратегијата која што е подготвена за реформа на казненото право, како основен документ за реализација на планираните активности во оваа област, се заснова на основните начела кои што се насочени кон воспоставување на нов систем на правила на казнената постапка, што ќе гарантираат заштита на човековите права и слободи, веродостојно и објективно утврдување на вистината во брза, ефикасна и едноставна постапка кое ќе води сметка за природата и тежината на казненото дело, меѓутоа и за личноста на обвинетиот, за правото на одбрана, за заштитата на жртвата како и потребите за заштита на општеството, од казнените дела.

Но, каква е положбата во оваа сфера во моментов може да видиме од анализите дадени во стратегијата за реформите во казненото право, од каде што може да видиме каде се наоѓаме меѓутоа и во кој правец треба да одат нашите реформи. Искрена благодараност до подготвувачите на оваа стратегија, неколку професори од правниот факултет, кои што направиле опсежна анализа за да можеме сите да бидеме убедени во тоа дека во моментов ги правиме најдобрите нешта кои што треба да се напрват за да имаме успешни реформи во оваа област.

Досега реформи на кривичната постапка беа судот, јавното Обвинителство и полицијата, и интересно е тоа што во анализата може да се види каква била поставеноста на полицијата, каква била поставеноста на Обвинителството, на судот, и оттука да произлезат новите реформи кои што треба да следуваат за да имаме успешни реформи.

Интересно е тоа што иако теоретски Јавното обвинителство треба да доминира со пред истражната постапка во практиката полицијата се кажува дека уживала голема автономија. И наместо Јавниот обвинител да ја води предистражната постапка, најчесто полицијата е таа што се наметнувала во предистражната постапка и, иако Јавното обвинителство има овластувања да ги насочува полициските истраги, ваквата фактичка автономија на полицијата која што се должи на тоа што полицијата е пооперативна, меѓутоа и на пасивноста на Јавното обвинителство, на неинформирањето на Јавното обвинителство од страна на полицијата и другите органи што го спроведуваат законот, се додека не ја подготват кривичната пријава, понатаму на административната подреденост на овие органи на Министерството за внатрешни работи, меѓутоа и на недоволниот персонален кадар во Обвинителството прави ова поставеност на обвинителството во системот да биде искривена, отколку она што сакало да се постигне со Законот за кривична постапка кој што го имаме во овој момент.

Ваквиот хиерархиски дуализам оневозможува поголема оперативна моќ на Јавното обвинителство, затоа во иднина треба да се размислува определени полициски сили да бидат ставени понепосредна контрола на Јавното обвинителство, кое ќе може да влијае врз развојот на кариерата на припадниците на полициските сили што им се доверени. Тоа впрочем се прави и со новиот Предлог закон за кривична постапка, со воведување на судската полиција.

Понатаму, која било улогата на полицијата во предистражната постапка може да се види од тоа што полицијата досега можеше да испитува лица за кое што постојат основани основи за сомневања дека извршило кривично дело, меѓутоа, нејзиното испитување е само неформално преку тн., информативни разговори. Е

сега, се повикуваат граѓаните на информативни разговори, меѓутоа нема строги законски рамки, прецизни рамки, за да може полицијата и полициските службеници во практика да не се водат од своите дискрециони оценки за тоа дали некој осомничен навистина е осомничен за тоа кривично дело или не, и се создаваше и се отвараше простор за можни полициски злоупотреби на овластувањата и за насилство врз граѓаните.

Од друга страна пак самиот информативен разговор на полицијата со осомничениот не може да резултира со исказ на обвинетиот што би бил доказ пред Кривичниот суд. И, затоа белешката за разговорите кои што се прават во таквите информативни разговори отпаѓа од доказниот материјал иако многу чесето во сознајна смисла тоа е најверодостојниот извор на сознание за фактите важни за кривичната постапка. Затоа на лицето на кое што полицијата или другите органи на кривично гонење на било кој начин му соопштиле дека го сметаат за веројатен сторител на кривично дело, би требало веднаш да му припаднат елементарните права на одбраната. Без оглед на тоа дали против него е или не е покрената формална кривична постапка. Со ваквиот начин се овозможува и исказот кој што го дава пред полицијата првичниот исказ, да може да биде важечки доказ во подоцнежната кривична постапка. Меѓутоа тоа може само доколку има бранител кој што ќе биде присутен во моментот на испрашување на тн., сега што ги имаме нели информативни разговори. На тој начин ќе се гарантира дека полицијата и тие минимални права на осомничениот навистина ќе ги почитува. Во овој момент сегашниот закон за кривична постапка исто така нема можност на почетокот на главата расправа од обвинетиот да се земе изјава за тоа каков став тој завзема за секоја точка од обвинението и во случај на признание, постапката да се сведе само на доказите важни за одлуката на казната. Тоа решение треба да се прифати, пошто тоа го има Република Хрватска овде е посочено и да се прошири со воведување на моделитети според кои јавното обвинитлство и одбраната пред главната расправа, би можеле дури да се спогодат за признание на вината од обвинетиот, за кривичните дела со одредена тежина што значајно би влијаело врз

бројот на предметите во кои што постапката би се завршиле без главна расправа, и без жалбениот стадиум.

Исто така интересно е во овој материјал да се види и која е улогата на истражниот судија во моментов во кривичната постапка.

Бидејќи обвинителот има задача да го направи почетниот чекор и да побара судска постапка, а истрагата ја води судот насочена против осомнинчениот, истражниот судија денес треба да делува во предистражната постапка. Меѓутоа во предистражна постапка во која што тој сега го нема главниот збор, туку јавниот обвинител кој што најчсто му налага кои одделни истражни дејствија тој треба да ги преземе.

Положбата на истражниот судија во однос на Јавниот обвинител е влошена. Тоа е начелна констатација во материјалот кој што е подготвен, се повеќе судии се навикнати да си ги исполнуваат барањата на јавните обвинители, и да го спроведуваат она што од нив се бара. А јавните обвинители се прилагодени пак кон тоа да ја играат одлучувачката а не само подготвителната улога во предистражната постапка. Уште полошо е тоа што пак јавните обвинители се во подредена улога на полициските служби пак кои што ја водат оваа предистражна постапка.

Бидејќи во предистражната постапка полицијата е мошне моќна. Сето тоа резултира со недостаток на јасна распределба на функциите на државните органи во претходната постапка и, не се знае кој за што е одговорен во оваа предистражна постапка. И најчесто нивните одговорнисти се преплетуваат и на полицијата и на јавното обвинителство и на судот. Полициските работи за откривање и обезбедување докази се продолжени врз целата претеходна постапка, а од друга страна Јавното обвинителство своите работи ги редуцирало на техничка улога на оценувач на полициските резултати и ги запоставило другите суштински работи на кривичното гонење. Поради тоа може да се каже дека постоечкиот систем на претходна постапка во Македонија, во која сите субјекти на сличен начин ги извршуваат работите на истражувањето и кривичното гонење не успева јасно и изрично да ги оддели задачите на функцијата, јавните обвинители и судиите. На тој

начин се губи значењето и се се има сведено на една обична формалност со предистражните дејствија со кои што би требало да управува државното обвинителство, но тоа не го прави, туку тоа го препушта на полцијата. Истрагите би требало да ги води самостојно истражниот судија, но и тој се ограничува на спроведување на предлозите на Јавното обвинителство, кој пак сами по себе најчесто само го повторуваат она што обвинителството го добило од полицијата. Поради тоа реформата би требало да ги отфрли овие противречности, со смислено и прецизно доделување на јасни и одвоени работи на полицијата, Јавното обвинителство и судовите.

Во еден друг материјал кој што исто така го имаат изработено експерти, а кој што се однесува за правичното судење и еднаквоста на оружјето во новиот закон за кривична постапка, исто така се прави осврт на положбата на обвинетиот во претходната постапка и на улогата на истражниот судија каде што јасно стои дека реформата на претходната постапка е логична и конзистентна заради враќањето на улогата на истражниот судија.

Затоа почитувани дами и господа, очигледно е дека реформи мора да има, реформи во правец на тоа што се сознанија кои што би значеле сосема поинаква поставеност и на полицијата и на обвинитлството и на Судот и затоа верувам дека она што го спомна минситерот и не би сакала да го повторам, значи новина во претходната постапка во функциујата на јавниот обвинител, во истрагата во главната расправа, во правните лекови, во положбата на обвинителот во кривичната постапка во функција на јавниот обвинител каде што е ставен и правосудната полиција. Значи сите овие новисти се предизвик за сите нас, да видиме дали во вистински правец се прават реформите на казненото право. И мислам дека беше потребен еден ваков краток осврт без оглед на негодувањата на колегата Бучковски, за да може да знаеме што е тоа што досега не чинело, и што е тоа што треба да се направи за да се поправат нештата и да се поставаат на вистинските основи.

Јас ви благодарам за вниманието, а сега го повикувам господинот Џеват Адеми, да земе збор, повелете.

(не се слуша господинот Бучковски, реагира)

Господине Бучковски, од службите добивме како се пријавени сите колеги и, јас тоа не го правам, проштевајте, но јас тоа не го правам, службите како ги примиле формуларите, така се наредени, така ми ги дадоа.

**Џеват Адеми:**

Изгледа судено ми е да бидам прв.

Во многу аспекти, а темата што ќе ја третирам од оваа говорница мислам дека и морално ми дава право да бидам прв, пред господинот Бучковски.

Почитувана госпоѓа потпретседател на Националниот совет за Евроинтеграции, почитуван господине потпретседател на Владата на Република Македонија, почитуван господине министер, почитувани присутни,

Имам дилеми, сериозни дилеми во однос на оваа пракса на јавни расправи. За одредени законски проекти, за самиот факт дека сеуште немам повратна информација

. . . ........нема превод се зборува на албански јазик . . .

Оди ли преводот?

Можам и на македонски да ги изнесам моите ставови, меѓутоа не е во духот на тоа што сакаме да го постигнеме.

Меѓутоа, доколку има технички пречки, ќе се принудам да ја повторам касетата од почеток.

Ве поздравувам сите присутни. Мислам дека сите ние имаме повеќе потреба да ги слушнеме експертите, тие кои од формален аспект не можат да бидат дел од парламентарната расправа и не можат да бидат дел од изготвувањето на законот.

Почитувана госпоѓа потпретседател на Советот, почитувани присутни, Република Македонија има потреба да го реформира својот судски систем да ние

сме принудени да се прилагодиме кон европското законодавство не поради нивните барања туку поради наши внатрешни потреби Република Македонија треба и со овие измени да ги исполни и барањата кои Европа ги бара од нас. Но пред се ние овие измени треба да ги направиме за нас самите за подобрувањето на квалитетот во нашата борба против организиран криминал, за подобрувањето на квалитетот на тоа што се нарекува демократска димензија и во однос на гонењето на тие кои го имаат извршено кривични дела, и јас не можам а да не ја поздравам големата работа од страна на предлагачот но секако ќе ми дозволите од оваа говорница не само во својство на член на Советот на Националниот совет за евроинтеграции и не само во својство на претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците но и во својство на жртва на извршена тортура врз лицата кои ги поминале и истражните фази и сакам да му се обратам на министерот за правда на формалниот предлагач на овој закон за самиот факт дека во оваа верзија на Законот за кривична постапка на флагрантен начин не е нагласен контролниот сегмент. Сегментот на почитувањето на иснституцијата Народен правобранител. Јас сум секако среќен поради фактот што на оваа јавна расправа учествува и уважениот народен правобранител но добив впечаток при читањето на оваа работна верзија на Законот дека предлагачот односно законот повеќе внимание им посветува на специјализираните европски институции на разни комитети за борба против тортура или друг вид на насилство отколку кон единствената домашна институција Народен правобранител која извира директно од уставниот амандман 11, кој ги прецизира надлежностите и комптенциите и значењето кое ние како институција му ја препишуваме на Народниот правобранител. Имајќи почит кон присутните експерти и присуството на Народниот правобранител јас ќе ве потсетам уште еднаш дека Република Македонија го има ратификувано факултативниот протокол од конвенцијата на Обединетите нации против тортура и други облици на насилство на човечко однесување и потценувачко во истражната постапка.

Дозволете ми уште еднаш да ве потсетам дека пред еден месец извештаите за тортура и малтретирање по нашите затвори во полициски станици во истражни постапки не се за да се гордееме со истите. Поради оваа причина мислам дека институцијата Народен правобранител како контролен инструмент треба да се зајакне.

Додека во работната верзија на Предлог законот за кривична постапка во членот 161, 162, членот 179, за категориите задржано лице во истрачна постапка за категоријата лице во издржување на казна затвор третманот на Народниот правобранител е речиси последица на добрата волја на истражниот судија последица на добрата волја на Дирекцијата за извршување на санкции последица на добра волја на командирите на полициски станици во однос на пристапот до регистарот на задржаните лица. Затоа, почитувани присутни мислам дека оваа рсправа и овој третман што го правиме во однос на овој закон треба да го има во предвид и овој сегмент, затоа што светот ги има надминато овие дилеми. Можам да ве потсетам само на Шведскиот модел на статусот на Народниот правобранител во истражна постапка во однос на било кое гонење на кривично дело. Затоа имајќи почит, бидејќи почитувани присутни во Македонија според извештаите кои ги добиваме нечовечкото однесување не е одстрането во истражната постапка.

Со сета почит кон вас присутни, кон почитуваниот министер, кон почитуваната потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции мислам дека од оваа расправа ќе произлезат и вакви заклучоци. Посакувам последната верзија на овој закон која ќе ја имаме пред нас иако од службите сум известен дека ние сега веќе сме го добиле Законот за кривична постапка и Кривичниот законик, не ја познавам техниката како ќе можат да се вградат во завршната верзија на Законот овие наши забелешки кои Министерството за правда треба да ги земе во предвид од овие расправи. Ви благодарам.

**Бонева Силвана**:

Благодарам господине Адеми за вашата конструктивна расправа.

Само да потврдам дека Законот за кривична постапка не е велзен во собраниска процедура, значи работиме по работен текст по кој што можат да се вградат сите забелешки кои што ќе произлезат од денешната јавна расправа. Кривичниот законик е пуштен, меѓутоа закон за кривична постапка не е пуштен. Ви благодариме на вашето укажување за кое што останува да се размисли од експерите од Министерството за правда за тоа што не е нагласен контролниот сегмент односно улогата на институцијата Народен правобранител. Во истражната постапка тоа да се зајакне и во постапката на издржување на казна затвор. Ви благодарам.

А сега втор пријавен за збор е господинот Иџет Мемети Народниот правобранител, повелете.

Господине Бучковски јас не го правам распоредот, како се пријавуваат така се бележат. Значи прв е господинот Адеми, втор е господинот Иџет Мемети. Јас се извинувам господине Мемети мора да знаат колегите кој како ќе земе збор, трет е господинот Јордан Митриновски претседател на Апелациониот суд, понатаму господинот Владо Бучковски, па господинот Павле Трајанов, па госпоѓата Флора Кадриу и тие се говорници кои што се пријавени за овој прв дел на денешнава јавна расправа.

**Иџет Мемети**:

Почитуван потпретседателе на Националниот совет за евроинтеграции,

Најнапред би сакал да ја поздравам оваа јавна расправа која сметам декане само за овие закони туку и за другите закони кои се од исклучителна важност односно тоа што значат реформи односно што значи прилагодување на нашиот правен систем со системите кон кои живееме. Посебно благодарност за тоа што овие два закона се од исклучителна важност и од аспект на тоа што и сами спомнавте на човековите слободи и права, на тоа што значи превенција и заштита на човековите

слободи и права. Ако се чита работната верзија на законот остава впечаток дека со секоја почит на тие што работеле на законот, меѓутоа остава впечаток и отвара многу дилеми. Дали во одредени сегменти ние како општество го реформираме системот во одредени сегементи во позитивна насока или истиот го уназадуваме.

Ќе дозволите со оглед на тоа дека е кратко времето за оваа јавна расправа да се осврнам само од аспект на превенцијата и заштитата на човековите слободи и права, а посебно од аспект на она што значи денеска во целиот свет нова ера на превенцијата, нова ера против една ужасна појава, а таа е нечовечкото нехуманото казнување од страна на органите на лицата кои се наоѓаат во простории каде што слободата на движење им е ограничена. Со еден збор тортурата и ништо друго. Од причина што нашата држава прва ги ратификуваше и Конвенцијата за спречување на тортурата од Советот на Европа исто така и Конвенцијата на Обединетите нации против тортура и друго сурово постапување, понижувачко постапување или казнување. Понатака ние пред крајот на минатата година ратификувавме уште еден многу важен меѓународен инструмент а тоа е факултативниот протокол кон Конвенцијата. Сите добро го знаете нема да се задржам на тоа. Кои беа причините за во светот односно Обединетите нации да донесат протокол кон таа Конвенција наречен факултативен протокол и што е основната срж на тој протокол, формирањето на Подкомитетот при Комитетот на Обединетите нации. Зошто се дојде до тоа? Многу едноставно. Затоа што праксата во светот покажа дека следењето на состојбите од страна на меѓународните инструменти за превенција, затоа подобро е да се превенира отколку да се лечи, не е доволен инструмент бидејќи истите, контролите милсам, на определени временски интервали што не овозможува постојано следење, ама буквално на сите сегменти во општеството каде што може да се најде задржано лице и врз него може да се изнуди одредено признание или со еден збор да се врши тортура. Државите потписнички нецелосно ги почитуваат препораките на Комитетот против тортура. Затоа дојде до тоа да се донесе факултатвниот протокол кој навистина ќе востанови инструмент, во националните држави, државите полесно да можат да се справат со тој лош

феномен, а исто така ние имаме должност како општество да го информираме, да сме во постојан контакт со Комитетот на Обединетите нации и со Под комитетот за заштита и превенција односно превенција од тортура. Значи основна цел на овој протокол е бескомпромисната борба ужасната тортура наречена со превенцијаи давање придонес за искоренување на мачењето и другото сурово човечко постапување. Нема да се задржам на тоа дека ние тоа го потпишавме и се одлучивме да тој национален превентивен механизам биде Народниот правобранител плус невладин сектор.

Исто така за да се постигне целта на Националниот превентивен механизам задолжително треба да има овластувања за да тој може без никаква дозвола и најава да врши редовни, а посебно вонредни посети на местата каде што лицата се задржуваат.

Почитувани присутни незамисливо е функционирањето на превентивниот национален механизам ако тој го нема тоа овластување без никаква забрана, односно без никаква најава да ги посети истите со цел да подготвува извештаи за органите, а со тоа и за Обединетите нации, а исто така незамисливо е функционирањето на тој национален инструмент во секое општество ако нема финансиска независнот. Едноставно ако овие два приниципа се едниот од париските приниципи не ги прифаќаме ние играме. Можеби звучи малце, меѓутоа таа е вистината, затоа што сегашниот Закон за Народен правобранител нему му дозвлува во секое време без никаква најава без никаква дозвола да влезе во секое место, а предложениот закон тоа му го забранува. Понатаму ако само ги гледаме нормите на факултативниот протокол ќе зборуваат за тој инструмент јасна ни е сликата. Во никој случај нему не смеат да му се забранат таквите работи.

Што се конкретните забелешки ќе ви кажам. Во член 161, Народниот правобранител е овластен како и другите лица или роднини кои сакаат да ги посетуваат одредено притворено, затворено, задржано итн. лице, да бара одобрение од судија за да посетува. Како ќе ја постигнеме целта што ние сме се обврзале пред Обединетите нации дека тоа ќе го сториме на многу ефикасен начин

затоа што во светот сме во нова ера, она што значи нема толеранција против мачењето против тортурата. Како тој ќе ја изврши функцијата? Предлагам во тој член 161 не е местото за Народниот правобранител треба да се брише од таму. Понатаму во истиот член вика вака: претставниците на Подкомитетот за превенција при Комитетот на Обединетите нации како и претставниците на Подкомитетот на Европската Комисија може да посетуваат лица без дозвола, а Народниот правобранител го нема никаде. Тоа е несериозна работа. Понатаму ова беше по однос на задржувањето.

По однос на тоа што значи приведување притвор или лица на издржување казна затвор. Исто така ако го гледате членот таму стои дека двата Комитета можат без дозвола, а тие мака мачеа во Република Македонија во последните 10 години за да доаѓаат до лицата кои се лишени од слобода, затоа не им дозволувавме, спротивно на меѓународниет акти. Сега нив ги ставаме, а Народниот правобранител кој треба да е прв меѓу нив затоа што тој работи за доброто на општествогто, а постојано треба да е во комуникација со Обединетите нации него го бришеме, или го ставаме на крај само да го има. Редоследот почитувани господа извинете ама треба да е обратен. Прво треба да стои Народниот правобранител како и претставниците и така и така и така. Само така ќе покажеме дека сериозно сме зафатени за да правиме реформи и сериозно сакаме навистина да го реформираме системот и да го правиме компатибилен со тоа што значат меѓународни документи било тоа да се регионални на европско ниво или да се поготово на светско ниво. Затоа што овие текстови на закони ќе одат и на проверка.

На крај ќе дозволите само уште една реченица. Верувајте дека ова што го кажав е само еден сегмент од тоа што значи Закон за кривична постапка гледано од призма она што значи заштита на човековите слободи и права. Само така без никаква намера затоа што ние не правиме закони за луѓе туку правиме закони за општеството, само така треба да сме одлучни и само така можеме да покажеме дека сите сме согласни да системот ни биде покомпатибилен со светскиот и европскиот и

само така можеме на ова зло на денешно време во светот и Европа да се обидеме да му ставиме крај, да го превенираме.

Јас имајќи во предвид дека времето е кратко и ќе ви благодарам и покрај тоа што имам уште неколку работи ќе се обидеме во писмена форма да ги доставиме до ресорното Министерство. Ви благодарам.

**Бонева Силвана**:

Благодарам господине Мемети за вашето укажување на членот 161 и на улогата на Народниот правобранител и вашето размислување дека постои нужда без никаква најава без посебни овластувања да може Народниот правобранител да врши контрола на лицата кои што се лишени од слобода и дека во членот 161 треба да се брише делот дека тој треба да бара одобрение од судиите за посета на задржаното лице.

Сега за збор е господинот Јордан Митриновски претседател на Апелационот суд во Скопје.

**Јордан Митриновски:**

Почитувани присутни во салава сите ве поздравувам.

Јас на почетокот само една мала замерка ќе направам за навремено доставување на работниот текст бидејќи ние дури вчера го добивме текстот и колку можев сношти се потрудив нешто да прочитам па и нешто конкретно да кажам, бидејќи доаѓам од институцијата, да се применува законот. Значи ќе се осврнам на практични забелешки во однос на некоја можна интервенција на понудените одредби.

Инаку исто така потекнувам од ковот на постарите судии може да се рече така во наводници, некои би рекле југоносталгичари па би не искритикувале ако кажеме дека системски или концепциски не сме за таков проект за длабоко да се зафати во ткивото на една материја која е најсуптилна и која за сега во најсуптилните права на човекот. Имено и ако се почна и кон изработка на сосема нов

ЗКП може да се рече затоа што почива на сосема нови концепциски поставки него што беше поставен поранешниот. Требаше барем да се следи една доследна идеја на оние што го работат. Во почетокот морам да кажам и јас учествувам во работната група, барем да се пристапи кон еден пат кој ќе се заземе од почетокот и тој пат да се следи да се дефинира.

Дали строго ќе се определиме за јавна обвинителска постапка или постапката ќе ја довериме на некои други субјекти што тука мислам концепскиски во понудениот текст не е баш разграничено. Ние кога велиме дека ништо не фалеше ни на бившиот ЗКП ќе не обвинат за неприфаќање на современите трендови и современите тенденции за промена на законодавниот систем, што не е така. Една Словенија која ја сметаме за една од најнапредните земји, го има бившиот ЗКП на СФРЈ со незначителни измени, па Словенија не ја критикуваат дека е на старите тенденции. Впрочем и тој ЗКП и нашиот поранешен ЗКП почиваше на системот што беше уреден во Сојузна Република Германија и Австрија.

Но да не должам многу, значи концепциски ние сме и за новини и јас го изразив сега малку и мојот личен став но, бидејќи како што реков потекнувам од инстиуција кај што се применува законот. Гледам дека тоа е став на мнозинството судии од сферата кај што работам. Инаку нивно општо мислење е дека едно враќање на еден систем кај што главна и доминантна улога ќе игра Јавниот обвинител и коалицијата, нешто малку не потсетува на еден систем на едно враќање на едно време кое по мое познавање беше некаде од 1947 до 1953 година. Меѓутоа, па од друга страна добро е што и во овој понуден работен текст се вградени многу работи од европското право, па тоа на некој начин на понудениот работен текст му дават и ...

Јас како што реков ќе се осврнам кратко на едни мои забелешки.

Уште во почетокот во одредбата на член 19, кај што се дефинира кога започнува кривичната постапка и ако во тој член кривичната постапка е опфатена како целост, за мене е недоволно прецизно она што се тврди дека започнува и со првото превземено истражно дејствие пред да биде издадена наредба за

спроведување на истражна постапка. Сите добри познавачи на процедурата знаат дека таквата одредба е конфузна и упатува на една предистражна постапка, а не формално на кривичната постапка.

Друго, новоупотребениот збор во став 2 дека последиците настапуваат со одобрување на обвинителниот акт, може и да не дојде до одобрување на обинителниот акт ако не е вложено правно средства и правилен термин и убав термин се беше стариот термин стапување на сила на обвинителниот акт.

Во одредбата на член 21 како што се гледа напуштен е институтот, оштетен како тужител. Јас мислам дека тоа е грешка и дека треба тој институт треба да се врати и во таа одредба, а ако се спореди оваа одредба со одредбата на член 57 став 1 точка 10 од истиот овој текст, таму ќе се види дека и на него му се дава право и на тужба, односно на кривична тужба. Значи, тука треба да си најде место и тој институт е важен и треба да се одржува.

Друга работа во склопот на оваа одредба, дали ќе го прифатиме или не или ќе му најдеме место па на тие работи во Кривичниот законик може да значи и во ЗКП да се дефинира, а може да се остави тоа да биде направено и во тазе, нешто слично како што е направено и во ЗКП на Србија да се дефинира поимот организиран криминал.

Во член 21 од Законот на Кривичната постапка на Србија таму е дицидно дефинирано, што се смета за организиран криминал. Таму е дефинирано и што се смета и за сервиско осигурување и некои други поими, што мислам дали тука ќе најдат место или во Кривичниот закон каде што се појаснуваат поимите, не е битно само треба да се дефинира за да се знае што е што.

Одредбата на член 25 треба, мислам да се опфати и ситуација која е решена сега моментално со Законот за малолетничка правда, дека за судење во втор степен за кривични предмети кај што извршители се малолетници, дека е надлежен совет од тројца судии. Во оваа одредба никаде тоа не е предвидено. Мислам дека и тука му е место заради тоа што овој процесен закон што строго ги регулира и субјектите и надлежностите и тука треба да се најде и тоа. Понатаму во одредбата

на член 35 која се однесува на изземање по барање на странките. Се е добро предвидено освен во став 7 што мислам дека треба да се додаде, или е очигледно насочено тоа дејствие кон  одолговлечување на постапката, што е слично уредено и во член 42 став 5 од ЗКП на Србија. Тоа е потребно заради тоа што во праксата имаме очигледни поднесоци, очигледни дејствија кои се точно насочени на одолговлечување на кривичната постапка.

Одредбата на член 43, по мое мислење содржи и процедурални, односно процесни и материјално правни елементи. Кога ќе ја погледнете таа одредба, првиот дел содржи процесни, вториот дел содржи материјално правни. Според мене може да се задржи само ставот 1 кај што ќе се упатува на сите тие  материјално-правни елементи кои ќе се најдат во Кривичниот законик. Значи, процесниот закон ќе упатува упатна одредба на Кривичниот законик и тие институти тука што се предвидени треба таму да се префрлат.

Во одредбата на член 57 како што реков да не се повторувам, во дефинирањето на правата на оштетениот треба да се дефинира и она што пред малку го реков но тука треба да се  размисли и да се дефинира и негово право на жалба.  Уште во бившиот ЗКП на бивша, бивша Југославија од 34-та година.  Таму пишуваше дека оштетениот најмнгу го болело тоа што му ги извадиле бубрезите. И во слични такви ситуации, зошто да не му се даде на него право на жалба и право да биде изедначен и со другите субјекти во постапката, а не  само да му се дава скратено неко право кое и тука се дефинира.

Во одредбата на член 59, таа одредба прв пат ги предвидува правата на малолетниците, меѓутоа мислам дека треба да се додаде и право на малолетникот да поднесе жалба. Тоа е испуштено во тој член. Бидејки е тој со наполнети 16 години способен да ги превземе дејствијата  кои се дефинирани во став 1 и 2, како посебна одредба став 3 треба да се додаде  правото да поднесе и жалба.

Во одредбата на член 78, предлагам или тука во таа одредба, или во одредбата на член 417 став 2 од работниот текст на законот да се додаде дека по претходна согласност од обвинетиот,бранителот може да се откаже од веќе

изјавената жалба што ја изјавил обвинетиот или лицата наведени во член 417 став 2 од работниот текст на овој закон. Тоа го предлагам од практични причини. Во праксата често се случува бранителто на поднесе поднесок дека се откажува од поднесената жалба на обвинетиот. Според сегашниот текст на одредбата на член 378 од ЗКП, такво право на бранителот не му е предвидено. Такво право и сега во овој работен текст не се предвидува, а по изричита согласност од обвинетиот треба и бранителот да се овласти да поднесе предлог, односно изјава дека се откажува од веќе изјавената жалба и со тоа се скратува и постапката. Тоа се склопува и во првата дефиниција на овој член, каде што се дефинира дека бранителот е овластен во корист на обвинетиот да ги поднесува сите правни средства. Ако е овластен да ги поднесува сите правни средства, зошто да му се ускрати и тоа право ако постои изрична согласност од обвинетиот.

Во одредбата на членот 89, изпуштено е да се предвиди ситуација кај што на лицето кое што се испитува ќе му се дозволи или може да му се дозволи само да ги кажува одговорите на записникот, а во случај на злоупотреба на ова право дека тоа право може да се ускрати. Тоа и од практични причини е многу важно, заради тоа што во одредени сложени кривични дела или кривични дела од сложен криминал, кај што лицето, односно обвинетиот сам настојува да го издиктира својот одговор или целиот свој одговор по обвинението да го изнесе на записник, кога на него лично ќе му се дозволи да го издиктира сето тоа, значи после тоа има зголемена правна важност односно доказна вредност. Бидејки тој самиот си го издиктирал својот исказ. Натаму, за доставување на одлуките, тоа е член 125 и за достапноста на одлуките, мислам дека тие одредби треба да се доработат и да се усогласат и со Законот за пристап до информации. Не може на секое заинтересерано лице да му се доставуват судски одлуки и тоа треба за тие работи треба малку да се подразмислии тие работи да се корегираат. Во одредбата на член 148 што се однесува за содржината на решението за определување на мерка на претпазливост. Мислам дека треба да се предвиди и привремено престојувалиште. Во текот ќе побрзам, во текот на летниот период некои луѓе имаат привремени престојувалишта,

меѓутоа познати привремени престојувалишта, и значи некои институти од правото може да се применат и на привремено престојувалиште.

За гаранцијата предлагам да се додаде нов став, тоа е во одредбата на членот 151, дека гаранција може да се определи и во случај кога се исполнети условите за определување на куќен притвор. Додека бев во работната група на мој предлог беше вградена таа одредба, сега гледам дека во понудениот текст е испуштена. Во праксата сме определиле повеќе, мислам сме прифатиле повеќе гаранции и за куќен притвор и тоа функционира во праксата, а ние во праксата треба да создаваме и состојби кои после законодавецот само ќе ги преточи во законот.

**Силвана Бонева:**

Јa се извинувам, но мора да предупредам да бидеме што поконцизни и да го почитуваме времето, бидејќи веќе го надминавме времето.

**Јордан Митриновски:**

Добро, благодарам. Уште накратко тука за едни предлози од таа глава за обезбедување на присуство на обвинетиот во кривичната постапка, бидејки според мене таа глава е и многу важна.

Во одредбата на член 155 треба да се предвиди, право на овие органи кои се наведени во оваа одредба за донесување на решение за укинување на гаранцијата. Тука не е наведено никаде дека имаат и право да ја укинат гаранцијата.

Во одредбата на член 156 треба да се додаде дека ако решението го донел судијата на претходната постапка, се поднесува жалба до Советот. А по жалба на решението на Советот, дека жалба се поднесува до Советот ...повисокиот суд. Ова е прецизирање на одредбата, а не ова што е понудена тука во текстот.

За одредбата на член 164 можам да кажам само накратко, дека треба да се предвиди дека при заменувањето на мерката притвор со куќен притов треба да се регулира состојба кој орган е надлежен да го спроведе лицето од притворската установа до дома. Имавме конкретен случај кога требаше лице да се спроведе до

Радовиш па одбиваа и матичната полиција и полицијата од Скопје, односно и установата за издржување на притворот и таква одредба мора да се најде во, значи таква регулација дека полицијата по местото на живеење на обвинетиот го спроведува до неговото живеалиште.

Имам и други забелешки, само гледам дека и времето го пречекорив, и другите забелешки ќе ги доставиме во писмена форма. Благодарам што ме сослушавте.

**Силвана Бонева:**

Искрено ви благодариме, проштевајте што мора да ја забрзаме постапката, благодарам на тоа што скренавте внимание за допрецизирање на почетокот на кривичната постапка, дефинирање што се смета за организиран криминал, за тоа дека на малолетниците треба да им се суди Кривичниот совет од тројца судии, за правото на оштетениот на жалба, овие забелешки верувам ќе најдат место во новиот Предлог закон.

Еве, сега го молам господинот Владо Бучковски да земе збор.

**Владо Бучковски:**

Почитуван потпретседател на Владата, министре, госпоѓо Бонева, ценети пратеници, судии, Народен правобранител, почитувани гости.

Најпрвин остро да протестирам за начинот на кој ја водите седницата госпоѓо Бонева. Ако сакаме да одиме во Европа и европски да се однесуваме, ако ни дадете дневен ред и ни дадете сатница во која пишува дека во 11,15 ќе почне дискусијата, не може во 11,50 да почне дискусијата и да слушаме, ценам што кус беше потпретседателот на Владата да го слушаме предлагачот да збори 10 минути, вие да го дообјаснувате предлагачот за 20 минути. Синкивас ќе ве бираме за нов министер за правда. Или сите видоа дека почитуваниот Омбуцман и господинот Адеми дојдоа 10-15 минути после мене да не дадете можност да се чуе и другата страна, или како што велиме ние правниците  ауди алтерам партем. Тоа е и суштината на оваа

постапка, кривичната постапка, која за жал, почитуван потпретседателе на Владата вие сте нов. Вака не се прават реформи во правосудството. Ова е фингирана јавна дебата. Ги нема оние кои го подготвуваа две години овој законски текст, затоа што информациите од колегите ги добив сега, има нова верзија, нов текст, ние гледаме стара верзија и стар текст. Тоа само говори дека постои еден огромен хаос, не кординација во Владата. Ценам потпретседателе на Владата што вие свесни за проблемите во правосудството, својата прва работна посета беше во Министерството за правда и добивте таму уверување дека ќе направиме чуда. Чуда со овој начин на работа не се може. Значи, поглавјето во нашата европска приказна е за внатрешните работи, за правдата и за човековите рпава. Ние вчера без дебата од власта донесовме Закон за внатрешни работи, кој е во сушта спротивност со оваа стратегија со овие реформи. Каде што јакне улогата на полицијата на тајната полиција, а не на обвинителството како што заговараме со стратегијата. Затоа сето ова е депласирано. Не може дебата да ја ограничите да биде до 12 и 30, да не ги поканите изготвувачите да ни кажат, овој модел каде е применет,овој модел нигде не е примент.

И во право е почитуваниот судија Митриновски. Не е проблемот како што велат експертите. Во Законот за кривична постапка, проблем е во партизацијата на судството, каде што не може да го обезбедите основниот принцип, а тоа е фер на и правично судење. Заради партизацијата, судството ќе ја гледаме и на обвинителството. На овој начин, основното начело на кое почива целата оваа реформа да се заштитат човековите права. Значи, правдата, правичноста треба да ја гарантираат оние кои што се одговорни во делот на внатрешните работи. Со ваква реформа, вие сега говорите почитуван судија, вие го применувате законот. Овде велат експертите, казнената постапка, што е суштината, е спор помеѓу државата и поединецот. Јас се најдов во улога, на мене да се применува правото и ќе ви кажам дека тоа е катастрофа. Дека тоа е катастрофа. И дека не е проблемот во казнената постапка, затоа што во краен случај оваа казнена постапка велиме дека ќе стапи во

сила по две години. За две години и понатаму ќе видат со што одите, кој експертите докажуваат дека се следниве.

Значи, како прво, судската истрага е претворена во фази. Јавна тајна е дека дел, еве имаме претставник од Советот на јавни обвинители, дека дел од обвинителите по налог на полицијата ги пишуваат кривичните пријави. Истите тие во постапкта пред обвинителството ги процесуираат и затоа констатирав колегите експерти дека истражниот судија всушност претставува сојузник на обвинителството ---- сојузник на полицијата. А, ние сега заговараме голема реформа каде што ќе го јакнеме обвинителството и ќе имаме, јас не можам да сфатам што сака предлагачот. Сакаме да имаме полициско обвинителство или сакаме да имаме правосудна полиција? Затоа што никој не може да сфати од тој предлог. Кој се во овој момент кадровските, материјалните и техничките предуслови што ги има јавното обвинителство да ја изврши оваа функција. Никакви. Под кирија се најголемото јавно обвинителство, основното јавно обвинителство во Скопје, во Домот на Синдикатите. Гледаме дека најголем дел од парите, колку беше минатата година 70 илјади евра потроши обвинителството да си ја плати киријата. Едвај ви најдоа почитуван обвинителе на вас од Советот за јавни обвинители простор, а ние ќе правиме сега таков систем каде што ќе ја префрлиме целата одговорност во беспрекорни услови да работи обвинителството и да ја преземе улогата што досега ја имаше истражниот судија и дел од полицијата. Тоа е фата моргано. Тоа не може, не може да се случи во Македонија во вакви услови. Тоа е апсолутно невозможно и треба да знаеме уште на стартот, дека реформа е пропадната реформа. Преамбициозни и не гледајќи ги какви се состојбите во општеството воопшто, беа нашите соседи србите, кои направија приближно слична измена на казненото процесно право на казна, на процесниот казненик, сакајќи да побегнат од бившо југословенскиот и досега, незнам дали трет пат го одложија. Два пати ви ја одлагаа примената, затоа што се покажа дека тоа е невозможно. Иако, не учат зошто треба да имаме по силни врски со соседите, да имаме регионален пристап, треба да видиме што прават од подрачјето на поранешна Југославија. Една држава која е членка на Европската унија, и други

како нас ни прават експерименти. Србите прават експерименти бидејќи ги имаат истите проблеми, им велат не ви е ефикасно судството, треба да се направи нешто ново и прават непотребен експеримент кој се уште не функционира. Словенците во право е судијата Митриновски, останаа со ситни, но вели со стариот закон на поранешна Југославија, кој не беше на поранешна Југославија како дел од континенталното европско правно семејство. Тоа значи дека е дело од австрискиот и германскиот правен систем кој функционира беспрекорно. Но, таму нема партизација на судството и обвинителството. Тоа е нашата рак рана, и ние затоа сега овде ќе се обидеме да ја покажеме господине потпретседателе дека ќе правиме реформа. Не верувајте дека ќе може да се направи на овој начин реформа. Се знае како се прават реформите а не да се лажеме. Да не се лажеме. Значи, ова е непотребен експеримент кој ќе го одвлече вниманието на стручната, експертската јавност и вниманието условно речено на Брисел од суштинските проблеми. Не ефикасноста на нашето правосудство, не лежи во Законот за кривична постапка. Тоа одговорно ви го тврдам, тоа ќе ви го каже ценетите колеги академикот Камбовски, професорот Калајџиев и професорката Гордана Бужаровска кои ги поканивте. Срамота е да водиме дебата без нив. И, ценам ова што бар од стручната јавност, народниот правобранител и судијата Митриновски, дадоа забелешки. Тие добро да ги дадете во пишана форма за да може до работната група која сега ни потврди дека не стои зад овој текст. Си имаат нов текст. Од вчера имаме и нов момент. Зајакна улогата на една друга институција, а не на обвинителството за тоа, ако веќе нешто се прави. Сега не е време за оваа реформа и Македонија не е подготвена. Тврдам. Одговорно тврдам, затоа што ги видов од внатре работите. Ниту обвинителството е кадровски, ниту материјално нити технички подготвено за две години да ја преземе оваа улога.

Второ, ова е огромна работа. И никој не ја направил. Не се знае, значи, и експертите иако ни покажуваат компаративни искуства од четири држави, не ни кажуваат каде ова е применето. Тој не знае. Дали е некоја модификација, дали ќе биде промоција на некј нов модел, тврдиме дека ние сме дел од континенталното

европско правно семејство а сакаме да се американизаме, -- едно со друго, тешко оди. Не може, системот наш е сосема поинаков. Понатаму, се најавува голема реформа, ќе имало истражни центри. Па, и според постоечките законски решенија, 20 години наназад можеше да има истражни центри,--- никој пат не профункционираа. Понатаму, клучното прашање, затоа што вчера го донесовме Законот за внатрешни работи и се покажа дека тотално нема координација во Владата. И тоа очекувам потпретседателе на Владата, Наумовски треба да биде ваша работа. Да ги седнете Јанкулоска и Маневски заедно, а вие да координирате некои активности, затоа што не може. Вчера да носиме Закон за внатрешни работи кој во всушна спротивност, во оваа крупна реформа за која тврди, еве и колегата Митриновски --- две години. Се работи можеби и повеќе од две години. Но, сега бидејќи во очите на јавноста и фокусот на јавноста се за лошите состојби во правосудството, за да го одвлече вниманието министерот пристапува кон промоција на една стратегија на реформа за која Македонија не е зрела.

Според мое тврдење, одговорно ова го тврдам, ќе се видиме и до година, ќе се видиме за две години, ако ова профункционира ќе настане хаос. И сега состојбите не ни се розови ама ќе настане хаос. Ако сакаме да ги средиме состојбите, прво треба да ги тргнеме политиката па и партиите од судството и обвинителството и да им дадеме можност во една фер и правична постапка сите оние кои ќе се најдат во судница или во обвинителството, во краен случај ако сакате да имаат еднаков пристап, затоа што ако погледнете внимателно потпретседателе на Владата, ќе видите дека и овој систем ќе промовира нешто што никаде го нема. Обвинителството би требало да има своја полиција, па би требало да биде правосудна некоја полиција, а да бидат под ингиренции на Јанкулоска. Тоа, извиниете, но сериозна држава како нас не го прави посебно сега кога ни ги бројат сите позитивни и негативни работи. Ова за мене е еден добар чекор да се направат реформи, но не на овој начин.И, како второ, не сум ----- кој не знаеме дали некаде функционира. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам почитуван колега Бучковски.

Најпрвин, должам едно кратко објаснение за претседателот на Апелациониот суд, значи во истиот момент кога ви ги исправивме материјалите за Законот за бесправна правна помош, пред две недели на 14-те пристигнати на Законот за кривична постапка, потоа следуваше Законот за кривичниот законик. Е, сега господине Бучковски, мислам дека нема потреба од тешки квалификации за фингирани расправи, овде немаме фингирана расправа, секому му се дава право на збор, со молба да бидат колегите пократки, за да може сите да се обратат. Временската рамка која што ја поставивме до 12,30 часот, никогаш не била строго почитувана. Вие знаете дека во Законот за бесправна правна помош дебатиравме повеќе од три часа. Меѓутоа, никому, никогаш не му е ускратено правото за збор. Во однос на експертите господине Бучковски, на денешнава расправа, поканети се професор доктор Владо Камбовски, кој што е член на Националниот совет, професор Гордан Калајџиев, професор доктор Гордана Лажетиќ Бужаровска, сите се извинија, некој од нив не е во Македонија, некој од нив не е во Скопје и заради тоа тие денес не се присутни. Бидејќи тоа се луѓето кои што учествуваа во (упад од место), јавната расправа е правена да ги слушнеме мислењата, не само на изготвувачите на овој работен текст на кривичниот коконик, туку и на други експерти и луѓе кои што ќе дадат свое размислување. Луѓето што имале, напишале во работниот текст на овој Закон за кривична постапка. Јас жалам, што денес не се овде, меѓутоа, знаете и вие дека агендите наши се диктирани од тоа како треба понатаму да течат законите во Собранието и кои се поврзани со нашата европска агенда и не можеме да чекаме  секој од нас да се врати од одмор, па да организираме расправа. Ви благодарам и за забелешките и за вашиот став за противењето искажано за јакнење на обвинителството и правосудната полиција и за тоа дека реформата е пропадната и дека ќе направи хаос, дека не е потребен експеримент и за стравувањето што го искажавте за партизација, јас единствено можам да посакам дека тоа нема да биде така и дека сите заедно ќе направиме

еден добар Закон за кривична постапка, а сега збору му давам на министерот за правда.

**Михајло Маневски:**

Само заради јавноста оти беше искажано дека тој не е текст за кој сега го имате вие, туку да има сосема нов текст ---- апсурд, што е тотална невистина, тоа е овој закон кој јас уште го имам од работната група што ми го даде. Значи тој носи датум 01.06.2009 година, значи да имаше нова верзија по овие одредби што ги кажа народниот правобранител ќе беа оградени во законот, а тие се веќе вградени во Законот за измени и дополнувања на Законот за народниот правобранител, како национален превентивен механизам, и кој што може да влегува без било какви најави итн.

И, втора работа ова е експеримент и никаде не е применето. Не е применето само уште во Македонија. Хрватска истиот овој закон, сега почнува да го применува, а зошто две години, две години заради тоа што има еден акционен план од некаде 120 страници кој предвидува материјални средства на државата што треба да ги обезбеди за имплементација на законот, некаде околу 14 милиони евра, каде што треба да поминат --- локација 7 - 8 илјади полицајци, сите судии, обвинители и финансиска полиција, се она што треба да биде надградба на функциите на јавното обвинителство, неговите капацитети, стручни, експертски, експерти вработени во обвинителството итн., мислам дека се работи за една концепција која што апсолутно не може да се каже вака како што вие таму кажавте. Не е добро тоа. Така да ти кажам.

**Силвана Бонева:**

Господине Бучковски, знаете дека на овие јавни расправи нема реплика, но повелете.

**Владо Бучковски:**

Што му дадовте на министерот да ми реплицира.(дофрлање од место)

**Силвана Бонева:**

Објаснение беше. Тоа не реплика.

**Владо Бучковски:**

Еве, сега јас ќе дообјаснам (дофрлање од место) дека не е така.

Сега разговарав со продеканот на Правниот факултет Гордана Бужаровска која потврдува дека има мала верзија. Ќе си проверите самите.

Второ, лага е дека во Хрватска се применува овој закон за кривична постапка. Работи професорот Крапац, паралелено се обидуваме нешто да направиме, но, еве проверете вие дали во Словенија има нов Закон за кривична постапка. Имате во Босна, во еден ----, во Брчко што е експеримент. Ако сакате да направите од Македонија експеримент, повелете.

Силвана Бонева:

А, сега збор му давам на господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:**

Почитувана Бонева, почитувани министри, почитувани присутни.

Сакам малку со, бидејќи времето така ни е ограничено, неколку работи да нагласам околу Предлог, новиот Предлог на Законот за кривична постапка.

Веќе имаше околу тоа прашање расправа, околу пренесување на истрагата и голем број други надлежности од истражниот судија во Јавното обвинителство. Јас околу оваа работа расправав пред две години кога се носеше Законот за јавно обвинителство, ----- истите резерви затоа што сметам дека на овој степен на развој на демократски развој на Република Македонија, дека е прерано истрага да се префрли и да се врати таму каде што некогаш била, бидејќи искуствата се негативни, затоа што ќе биде доминантно влијанието на полицијата при водењето на оваа постапка. Јавниот обвинител сум сигурен дека ќе се ослонува дури зборуваме за некаква полиција, обвинителството ќе се ослонува претежно на активностите на полицијата. Мислам дека во оваа фаза на развојот тоа ќе има негативни импликации и ги загрозува основните права на граѓаните. Но, тој концепт, мислам дека доби

поддршка, широка поддршка и во Парламентот и од позицијата и од опозицијата, така да моите укажувања не беа прифатени и остана тој концепт. Овде посебно сакам да ја нагласам мерката "притовор". Значи оваа мерка мора да биде многу јасно прецизна, определена под кои услови ќе се определува, и каква е одговорноста доколку оваа мерка се злоупотребува од оној што ќе ја нареди мерката. Дури и оној што предлага, јавниот обвинител или истражниот судија, односно сега некој од судиите. Мислам дека оваа мерка сега е присутна веќе десетина години како казна за оној што е осомничен, не оној што е осуден со правосилна судска одлука. Бидејќи ние во нашиот систем промовираме едно ново дело, тоа е јавна бламажа. Значи, јавна бламажа, како ново кривично дело е присутно веќе десетина години без да се почитува основниот принцип, основното начело ---- на невиноста. Имаме постојано последните десетина години јавно приведување или јавно апсење за оној што има --- сомненија дека не знам направил кривично дело. Тука добро е работната група, Министерството за правда да размисли, дали оваа мерка ќе ја легализираме, па ќе речеме дека оној што применува мерка на приведување итн., дека тоа може да го прави јавно, или ќе ставиме заштитна одредба, ќе речеме дека секој оној што ќе направи вака, значи јавно ќе примениме ваква мерка, за тоа ќе одговара, значи да предвидиме некја мерка за заштита на граѓаните. Досега не гледам дека има такви иницијативи и тоа да се направи.

Трета работа на која сакам да укажам е посебните истражни мерки. Овде значи се ---- тие мерки и кога се вршеа промените на Уставот со уставните амандмани, кога се легализира прислушкувањето, тогаш долго време расправавме и укажувавме дека оваа мерка ако ја носи истражен судија, широко ќе се применува и дека полицијата, -- обвинителството главно ќе, значи ќе ја засниваат целокупната постапка на разговорите или што се добиени податоци од прислушкување. И затоа инсистирав таква мерка да може да носи само Апелациониот суд, односно судија, или дури повисоко, но во расправата сите мислеа дека тоа е клучно за поефикасна борба против организираниот криминал, корупцијата и дека тоа е многу битно да

може во Основен суд истражен судија да носи наредба за прислушување. И овде може добро да се предвиди дека не може да се заснова судска одлука само врз основа на информации, податоци добиени од прислушкување,туку тоа да биде во склоп на други собрани материјлни докази, затоа што се плашат дека оваа мерка многу лесно може да се злоупотребува и некого да обвини врз основа на некакви разговори, а тоа нема врска со реалноста, бидејќи тука техниката е многу напредната и можеби има голем број на злоупотреби.

И, уште една работа околу тоа што се предвидува сега, не знам посебна казна. Јас овде само ќе направам една диверзија. Значи, подготвив еден проект за ---- за кој предвидував три работи. Прво да се формира една агенција за борба против организираниот криминал и корупцијата кој што ќе има во основа три надлежности. Да собере информации за скриениот имот на носителите на јавни функции, но и на носителите се разбира на организиран криминал, второ да се предвиди мерка конфискација на нелегално стекнатиот имот, и трета работа, за ---- политичко дејствување или лустрација.

Но, не онаа лустрациија што ја предлагаше господинот Андов, туку се работи за забрана на политичко дејствување бидејќи праксата покажува дека носителите на јавни функции ако се стекнат со огромно богатство дека по одреден период повторно ќе се вклучат во политичкиот живот, ќе ги финасираат партиите и повторно ќе им се даде можност за кус период да се вклучат во вакви криминални активности. Тоа значи дека оваа казна сега, бидејќи порано имаше заштитни мерки, сега казна, забрана за вршење на професија, дејност и должност, мислам дека тука треба попрецизно треба да се определи, да се предвиди, што мерки ќе се превземат околу тоа правото да биде биран некој носител на јавна функција и ја злоупотребил довербата на граѓаните. Така да се на се сакам на крај да ја поздравам оваа јавна расправа и се надевам дека ќе има повеќе вакви расправи, бидејќи Кривичниот закон веќе е пристигнат во парламентарна расправа, но можеби треба да се организираат повеќе вакви експертски или уште по___ експерти, расправи за новиот

закон за кривична постапка бидејќи тој е од битно значење за остварувањето на правата или функционирањето на правната држава. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Трајанов на вашите забелешки за концептот дека Јавниот обвинител може да се потпре на полицијата, значи на самиот концепт на законот и потпирајќи се на полицијата да ги загрози основните права и слободи на граѓаните, вашето укажување дека мерката притвор дека јасно треба да се прецизира и дека треба да има одговорност за злоупотребата на мерката притвор, исто така и за јавното приведување да се предвиди мерка за заштита на граѓаните од јавно приведување, почитување на презумкцијата на невиност и за посебните истражни мерки да не може да се заснова една судска одлука само на мерките на посебните истражни мерки, посебно мерката пруслушување и за проектот што се осврнавте за декриминализација. Уште еднаш благодариме.

Сега ја повикувам госпоѓата Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:**

Почитувани, за разлика од господинот Павле Трајанов кој што ја поздрави оваа јавна дебата на крај на неговата дискусија, мене ќе ми дозволите на самиот почеток да ја поздравам оваа јавна дебата и да истакнам дека ваквите дебати се навистина доста корисни, меѓутоа истите се користни само и само доколку се земат предвид сите сугестии, забелешки и примедби кои што се истакнуваат на самите јавни дебати од страна на предлагачот и доколку ваквите сугестии придонесат за дополнување и подобрување на содржината и суштината на самите Предлог закони. Усогласувањето на законите особено во сферата на судството и правдата со европската регулатива односно со европското законодавство е за поздравување, меѓутоа како што истакна господинот Бучковски доклку се земат во предвид само примерите од Босна и Херцеговина сметам дека немаме сериозни и успешни резултати. Најповеќе би требало да се базираме врз веќе направени реформи и

донесени Предлог закони токму од земјите кои што се членки на Европската унија. Првенствено би сакала да истакнам дека имам одредени забелешки, одредени примедби и тоа мојата прва забелешка се однесува кон условно ограничените права на бранителот во предкривичната постапка односно во моментот на распитот на осомничениот при оценување на доказните материјали. Материјални и вербални. Во овој дел бранителот треба да ги има сите права, обврски и должности како што ги има обвинителот при испитување на обивнет и испитување на самиот доказен материјал. Потребно е да му се даде можност на бранителот да биде запознаен со доказите со кој располага органот на прогонот, судот и обвинителот за да може на пример, во случај на изведување на вербален доказ или анализа на материјалниот доказ да има и бранителот активна улога во расветлувањето на истите заради олеснување на постапката за спогодување пред судски претрес. Со ова истовремено ќе се воспостави еден вид на еднаквост при вршење на функциите значи на бранителот и обвинителите.

Втората моја забелешка се однесува на позицијата која што ја има Народниот правобранител во овој Предлог закон за кривична постапка, Народниот правобранител сметам дека има една незавидна позиција и недолична имајќи во предвид, како што истакна и тој лично, нема можност и простор Народниот правобранител директно и непосредно да учествува при посетување на лица кои се лишени од слобода и посетување на лица врз кои се врши тортура како и други форми, значи употребување на други форми на сила со што се загрозуваат човековите права и слободи загарантирани со Уставот на Република Македонија, но кои што права и слободи на сите граѓани се загарантирани и со меѓународните договори и конвенции кои што Република Македонија ги има потпишано и кои што таа ги има ратификувано. На крајот на краиштата, правото за една ваква должност на Народниот правобранител и одбраната на правата и слободите на сите граѓани, произлегува и од Охридскиот рамковен договор. Сосема се согласувам со забелешките, примедбите на Народниот правобранител и лично сметам дека Предлог законот за кривична постапка реално треба да ја зајакне позицијата на

Народниот правобранител и треба нему да му овозможи ефикасно вршење на функцијата. Се надевам дека забелешките истакнати на оваа јавна дебата ќе бидат земени во предвид бидејќи се со тенденција за подобрување на суштинската содржина на самиот Предлог закон. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодариме колешке Флора Кадриу за вашите забелешки, за ограничените права на бранители во предистражната постапка и барањето ваше да се изедначат со правото што го имаат бранителите и барањето кое што повторно се повтори за зајакнување на позицијата на Народниот правобранител и да има можност непречено да ги посетува лицата кои што се лишени од слобода и врз кои што можеби има одредени сознанија дека се спроведува тортура.

Ви благодарам на сите присутни што учествувавте во овој прв дел од денешната јавна расправа по однос на Законот за кривична постапка, убедена сум дека голем дел од забелешките што се слушнаа денес ќе бидат разгледани од министерот за правда меѓутоа и тоа го бележеа и колегите пратеници и верувам дека ќе има доволен материјал да интервенира доколку сите забелешки не влезат од страна на Министерството за правда, непречено и колегите пратеници да интервенираат во постапката на носењето на овој закон.

Уште еднаш искрено благодарам и за неполни десет минути повторно се враќаме, пред сала 1 можете да се послужите со кафе и за десет минути да продолжиме со вториот дел по Кривичниот законик. Благодарам.

**ВТОР ДЕЛ:**

**Силвана Бонева:**

...на невладините организации, на меѓународните организации, еве ова е веќе вториот дел од денешната расправа, сега по Кривичниот законик, убедена сум дека и овој пат ќе имаме плодни дискусии во прилог на подобрување на решенијата што ги содржи Кривичниот законик.

На самиот почеток му дадам збор на министерот за правда да ја образложи потребата од новиот Кривичен законик.

**Михајло Маневски:**

Благодарам потпретседателке на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани дами и господа,

Значи како и Законот за кривична постапка, така и измените и дополнување на Кривичниот законик се дел од стратегијата за реформа на казненото законодавство и на овој Законик се работеше околку две години и оваа работна група предводена од професор доктор академик Камбовски кој што со учество на судии, обвинители, адвокати, претставници од други ограни и организации кои што две години напорно работеа и дојдовме до овој текст на измените и дополнувањето на Кривичниот законик. Можам да ви кажам дека во Кривичниот законик се имплементирани неколку конвенции, десетина конвенции и рамковни договори и да не ви ги наведувам сите, наведени се тие во материјалот и образложението како што се конвенциите против корупција, за сексуална злоупотреба на децата, казнената конвенција против корупцијата на Советот на Европа, дополнителниот протокол, компјутерскиот криминал, борба против трговија со луѓе, значи рамковните одлуки што се однесуваат до конфискација на приход, фалсификување на пари поврзани со фалсификување на еврото, рамковната одлука против тероризмот и други меѓународни документи кои што се уредуваат во Кривичниот законик, во измени и дополнувањата или како нови казнени дела или како измени и дополна на постојните кривични дела. Во Кривичниот законик се извршени измени и дополнување и на општиот дел и на посебниот дел. Во општиот дел би сакал само да ви го сведам вашето внимание во измените што се однесуваат на одговорноста на правните лица, значи како споредни кадри  за правни лица се Кривичниот законик пропишува неколку споредни казни како забрана на добивање лиценца, дозвола, концесија, овластување, значи забрана на учество на јавен повик, забрана на основање на ново правно лице, забрана на користење субвенции и половни кредити,

одземање на дозвола, лиценца, дозвола, овластување или друго право утврдено со закон, значи како што имаше досега одредени ситуации и правното лице ќе престане, ќе се префрлат приходите на ново правно лице, ќе останат долговите према државата или према доверителите, меѓутоа сега законот пропишува одредени санкции дека не може да се основа ново правно лице, да се забрани вршење на дејност на правно лице итн. Значи тоа се исклучително значајни елементи што се однесуваат на кривичната одговорност на правните лица. Законот воведува воглавно значително ја проширува одговорноста за кривични дела на правните лица со тоа што правните лица за стореното кривично дело можат да бидат казнети со парична казна од некаде 100 илјади до 30 милиони денари, во одредени случаи ако се работи за квалификуван облик на делото тој износ може да биде двоен или до десетократен износ на предвидената или нанесената штета или прибавената корист. Значи тоа е по однос на __ на правните лица. Втората значајна измена во општиот дел во Кривичниот законик тоа е воведувањето на казната на консификација на имотот и она што треба да значи конфискација на посредната имотна корист кога стекната имотна корист од казниво дело се внесува во одреден промет и на тој начин се стекнуваат и други добра, значи законот предвидува да се изрече конфискација и на посредната имотна корист, а проширената конфискација и на сторителот на делото може да се изрече ако се работи за сторител кој учествува во едно злосторничко здужение како дел од тоа здружение, ако се работи за кривични дела против тероризмот, кривични дела поврзани со перењето на пари или други кривични дела за кои е препишана казна затвор од најмалку 4 години односно најмалку 5 години, во таков случај сторителот на тоа кривично дело мо      же да се изрече и мерка и да му се одмери казна и да му се одзеде сиот имот во време пет години уназад од денот на сторувањето на кривичното дело до колку сторител не може, доколку судот се увери основано дека имотот ги надминува законските можности, приходи на тоа лице за да може да стекне таков имот, тоа значи дека station наназад од тоа лице му се одзема целокупниот имот.

Сега ќе прејдам кон најзначајните измени во Посебниот дел на Кривичниот законик, а тоа се прво, значи се зголемуваат казните за кривичното дело, мачење, сурово нечовечко постапување, значи тоа е кривичното дело од членот 142 каде што се говори дека казните се зголемуваат наместо од една до пет години за ставот 1, од три до осум години.

За вториот став, нанесена тешка телесна повреда, или ако се работи за други особено тешки последици, Законот препишува за ова кривично дело најмалку 4 години затвор. Тоа е дел од сугестиите, и за зајакнувањето на казните за ова кривично дело и од комитетите против тортура каде што ги браневме извештаите на Република Македонија во врска со периодичните извештаи што беа поднесувани.

Она што мислам дека е значајно е и тоа дека има соодветни измени дополнувања, би рекол и значајни измени што се однесуваат до кривичните дела против изборите и гласањето. Значи има едно кривично дело во Кривичниот законик сега, тоа е злоупотреба на средствата за финансирање на изборните кампањи, а сега се доведуваат неколку нови кривични дела. Значи, со казна од најмалку пет години затвор ќе се казни сторител на ова кривично дело, одговорно лице во правно лице, кое нема да ги пријавни донациите, кој нема да поднесе извештај, кој или ќе поднесе, лажни податоци или непотполни податоци, за дадени донации и на тој начин нереално ќе ги искаже средствата во врска со изборната кампања. Значи казна затвор од најмалку пет години.

Второто кривично дело што се предвидува во членот 165-а, се однесува на одговорност на лице кое што финансира изборна кампања во туѓа изборна кампања во која и самиот учествува, и

Трета одговорност, значи предвидено е и одговорности на правно лице, но она што е значајно, незаконски пристигнатите средства од ова кривично дело се конфискуваат.

Наредните измени исто така се многу значајни би рекол и за прв пат тоа се случува во Република Македонија, што готово значи декриминализација на

определен вид на кривичното дело, а тоа е кривичното дело клевета. Значи Кривичниот законик предвидува измените во членот 176 дека нема казни за клевета тој што известува за нешто што е јавно објавено од друг, тоа е нели на новинарите, кога ќе известуваат од опредлени седници, од опредлени изјави, кои ги пренесуваат што некој друг јавно ги објавил.

Значи во таков случај нема да се казни за клевета тој што ги изнесува нешто што јавно е соопштено од друг, или на тој што му е ускратено правото до пристапот на информации од јавен карактер, а тоа се однесува токму во врска со објавувањето на такви податоци.

Ова е исклучително значајно прашање што го предложуваме сега во Кривичниот законик, бидејќи до сега имавме постојано укажувања и од Здруженијата на новинарите, каде што на одреден начин се сметаше дека на одреден начин ако се предвиди одговорност и за пренесување на одредена информација што јавно ја соопштува некој, тогаш се ускратува слободата на изразувањето и сега значи ние тоа веќе го тргаме од Кривичниот законик.

Она што е мислам и исто така значајно, има многу, многу, елементи во овој Кривичен законик што се однесува до конвенцијата за заштита на децата за спречување на сексуална злоупотреба на децата.

Значи тргнувајќи од овие конвенции, значи предвидуваме нови елементи на кривичното дело прикажување на порнографски материјал на малоленти, и предвидуваме дека тој што ќе присили малолетно лице на изработување или на снимање на порнографски содржини, или за подготвување на порнографска претстава, ќе се казни со затвор од најмалку 8 години. Тоа значи може да му се изрече казна и до 15 години затвор, исто така предвидени се нови елементи на кривичното дело, производство и дистрибуција на детска порнографија, каде што за ставот 1, се предвидува казна затвор од најмалку 5 години, што произведува детска порнографија, со цел да ја дистрибуира или за ставот 2 е предвидена казна од пет до осум години, ако детска порнографија се набавува и се поседува, и ставот 3, каде што се пропишува дека ако пренесувањето на детската

порнографија се врши преку компјутерски систем, или се врши преку средство кое што е за масовна комуникација, во таков случај во Законот предвидуваме казна на сторителот од најмалку осум години затвор. Предвидено е и едно ново кривично дело. Во Кривичниот законик кое што произлегува од конвенцијата за компјутерскиот криминал, а тоа е намамување на обљуба на лице или на полово дејство на малолетни кој не наполнил 14 години, исто така предвидуваме зголемување на санкциите за кривичното дело за трговија со дрога, тоа е нели казната за ова кривично дело беше од една до 10 години, сега е од три до 10 години, а исто така законот определува ако се работи за помало количество за дроги, прекурзори, итн., тогаш сторителот да може да се казни со казна затвор до три години.

Значајно е тоа да се одбележи дека се предвудва исто така значителна измена и на кривичното дело заштита на животната средина и природата, со тоа што тој што ќе ја нарушува природната околина, нема да ја штити природата, нема да презема соодветни дејства за заштита на природата, или ќе ја загади почвата, водната површина, водата итн. значи се предвидува казна затвор од најмалку 5 години. Она што ние го гледаме реки пожолтени, или риби изумрени или загадени површини итн., значи сторителот на ова кривично дело со измените од Кривичниот законик се предвидува да се казни со казна затвор од најмалку пет години затвор.

Предвидуваме едно ново кривично дело тоа е укажување и од Министерството за економија, тоа е кривичното дело незаконита експлоатација на минерални суровини. Каде ќе одите ќе видите ископани ридишта, секој вади суровини, вади минерали, вади суровини, меѓутоа со ова кривично дело, тој што врши експлоатација на минерални суровини, меѓутоа сега со ова кривично дело значи тој што ќе врши експлоатации на минерални суровини без одобрение од Министрството, е предвидена казна до три години затвор, или од три до 8 години затвор ако се стекне со имотна корист. И она што е значајно кривичниот законик предвидува дека од сторителот ќе се одземат средства, тие машини, багери, се она што се наоѓа на тој регион каде што се врши незаконита експлоатација на тие

минерални суровини. Може на изглед да изгледа ова, меѓутоа заштитата на минералните суровини и на минералните богатства треба да биде обезбедена и со кривично правна заштита.

Исто така се предвидуваат казна затвор од најмалку три години ако се работи за внесување на опасни материи во државата, значи тоа е државата мора да се штити, а предвидено е и казна затвор од најмалку од 4 до 10 години, ако се работи за нуклеарни материи или суровини итн., или заштита од такви загадувања.

Предвидена е ново кривично дело во Кривичниот законик за прв пат значи измама на штета на средствата на европската заедница, нели Република Македонија  користи фондови од Европската заедница, сега веќе ние предвидуваме казнено дело тој што ќе даде неточни, лажни податоци, или неправилно ќе ги користи средствата од европските фондови, значи е предвидедна соодветна казна до пет години затвор или квалификуваните облици на кривичното дело еве да не ви одземам повеќе време, меѓутоа мислам дека веќе нашиот казнен законик гради односи кои што треба да значат гаранција за користењето на средствата од Европските фондови.

Она што е мислам и интересно за јавноста, мислам и секако дека и за кривичното законодавство,заштитата на културното наследство. Еве деновиве сме сведоци на прикажување на јавноста на големи количини, на изнесени артефакти, или копање на секаде кој каде ќе најде таму копа, сега ги предвидуваме значи казна затвор од три до 10 години, се зголемува казната, се зголемува исто така и за тие кои што ќе ги пренесува, и тие кои што на одреден начин ќе сретнува такви артефакти, и такви делови од културното наследство на Република Македонија, предвидено е посебно кривично дело она што ви реков, фалсификување на посебни случаи на фалсификување на пари, тоа е во врска со рамковната одлука за фалсификување на еврото, има нови елементи на кривичното дело за  спречување на перење на пари во целост со конвенцијата, а изработка на лажна платежна картичка каде што ако е прибавена поголема

имотна корист, значи или ако делото е створено од група од злосторничко здружение, банка или тн., за сторителот е предвидено казна затвор од најмалку 4 години. Значи тоа се тие елементи за овие кривични дела потоа има нови кривични дела и нови елементи, на кривичната повреда на правата од хартии од вредност, незаконито постапување на овластен ревизор за прв пат, предвидува дел од кривичниот дел во нашиот кривичен законик, има ново кривично дело во кривичниот законик, тоа е злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно приватно партнерство, каде што се пропишуваат казни од најмалку 4 години, иако со остварување на делото е прибавено значителна имотна корист а тоа правниците и судиите тоа го знаат, значи поглема вредност, што е поголеми размери и што е поголема значителна вредност, нели 50, 5 просечни плати, па 50 просечни плати, или 250 просечни плати, значи тоа се тие вредности, што ги определува кривичниот законик, исто така е предвидено и нов елемент за криумчарење, значи ако се работи за стока од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку од 4 години, тука се заоструваат казните. Значи се предвидени исто така нови кривични дела за заштита на интелектуалната сопственост, нели согласно конвенцијата, бидејќи многу се полага на тоа, и ние мораме да обезбедиме и кривижна правна заштита од повреда на правото на индустриска сопственост на неовластена употреба на туѓа фирма итн., каде што е пропишана казна затвор од најмалку три години, за сторителите на овие кривични дела значи повреда на правото од пријавен и заштитен пронајдог на топографија, или на интегрирани кола, тоа се се нови кривични дела кои што произлегуваат од меѓународните конвенции.

И сега ќе преминам, на полето на заштитата на државата од корупциски кривични дела како што е злоупотреба на службената положба во кривичниот законик, за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, значи се предвидува ако е прибавена значителна имотна корист за сторителот на кривичното дело од казна затвор најмалку од три години. Ако се работи за прибавена корист или од поголеми размери или ако се работи за нанесена штета

на средствата на Буџетот или на други фондови, казната од најмалку 4 години сега се зголемува на најмалку пет години.

Она што е мислам значително е тоа дека се зголемуваат и се однесуваат нови елементи на кривичното дело од примање на поткуп. Значи кривичното дело примање на поткуп, се внесуваат два нови става во ова кривично дело. Ако сторителот со делото примање на поткуп е прибавена поголема имотна корист, ако е прибавена имотна корист од пет просечни плати, тоа е колку е сега 20 илјади денари, или вкупно е сега тоа 100 илјади денари, значи за сторителот на кривичното дело е предвидена казна затвор од најмалку 4 години. Ако е прибавена значителна имотна корист, за сторителот на кривичното дело е прибавена казна затвор од најмалку пет години. Тоа се значи значителни елементи што се однесуваат до спречувањето на корупцијата, со зачестените казни, кои што треба да имаат своја функција во кривичното законодавство, и она што е најважно и што е најзначајно, би рекол, дека за сторителите на овие кривични дела покрај казната кога ќе бидат осудени на казна затвор од најмалку 6 месеци, обавезно значи облигаторно им се изрекува казна забрана на вршење должност, дејност, или професија од една до 10 години. Значи тука нема судот да бира, дали ќе ја изрече или не ќе ја изрече, при осуда на казна затвор од 6 месеци, обавезно на сторителот на ова кривично дело му се изрекува казна. Истото се однесува и за облигаторно изрекување на оваа забрана на вршење на должност, професија или дејност. За сите кривични дела против изборите и гласањето кога сторителот ќе биде казнет со казна затвор од најмалку 6 месеци.

И сега да го скренам вашето внимание на овој кривичен закон, за стекнување и прикривање на имот, нели тоа е она кривично дело кое популарно се нарекува неосновано збогатување, нели согласно обврската на прибавување на имотот, ако службено или одговорно лице не го пријави својот имот, а му е должност тоа да го стори, или не ги пријави точните податоци и начинот за стекнување на тој имот, а тоа располага со државен капитал, тогаш во таков случај ако не може  да ги докаже или значително ги надминуваат приходите,

стекнатиот имот од неговите законски приходи, тогаш е предвидена казна затвор до пет години, од 6 месеци до 5 години на ова кривично дело, а во ставот 4 се предвидува дека ќе се конфискува целата негова вредност и дури и вредноста ако е пренесена на трети лица или ако е пренесена на членови на семејството.

Досега најчесто се избегнуваше одземање на таа имотна полза или конфискување на тој имот, затоа што ќе се пренсе на трети лица, ќе се пренсе на блиски лица во членови на семејството, меѓутоа, сега кривичниот законик потпишува дека може да се одземат и тие трети лица и од членови на семејството.

Предвидени се нови елементи на кривичното дело тероризам, значи, од каде што се вградуваат меѓународните елементи и она што е мислам, бидејќи Република Македонија, предлага соодветни мерки за спроведувањето на конвенцијата за спречување на трговија со луѓе или криумчарење на емигранти, еве и со овој кривичен законик се заострува значи казната и се пропишува одговорност за сите сторители на кривични дела кога се работи за службени лица. Значи ако препишеме казна затвор од најмалку 8 години, ако трговијата на луѓе се врши од службени лица, согласно ставовите 1, 2 и 3 од кривичниот законик, значи казната за службените лица ќе биде најмалку осум години, а доколку се работи, пак за криумчарење на емигранти, а се работи за службени лица, кои тоа го сториле, законот пропишува казна затвор од најмалку 10 години.

Значи тоа би рекол дека се тоа едни од најзначајните измени во општиот и во посебниот дел на Кривичниот законик и можам да ви кажам дека предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик ќе ја зајакнат и подобрат кадровно правната рамка што е една од главните препоставки за ефикасност за работењето на институциите надлежни за заштита на слободата и правата на граѓаните во една демократска држава и воедно ќе се изврши приблужување на нашиот кадровно правен систем со европските стандарди. Овој закон измените и дополнувањата на Кривичниот законик, ова како што е сега подготвен што е рамо до рамо со сите би рекол најсовремените европски казнени закони, затоа што ги содржи сите елементи што треба да значат ефикасно сузбивање и спречување на криминалот и особено

најсложените и најсофистицирани облици на организираниот криминал. Еве толку, ви благодрам.

**Бонева Силвана**:

Ви благодарам министре на вашиот опсежен осврт на Предлогот за измени и дополнувања на Кривичниот законик. Се надевам дека ќе биде доволен поттик за колегите и за гостите да се вклучат во оваа јавна расправа. Прв за збор се јави господинот Јордан Митриновски претседател на Апелационот суд во Скопје, повелете.

**Јордан Митриновски**:

Благодарам. Јас нема сега многу да се задржувам. Имаме ние некои забелешки кои ќе доставиме во писмена форма, ама веднаш на почетокот можам да кажам дека оваа работна група изгледа повеќе си ја извршила својата работа. Овој Предлог на Кривичен законик може да се каже дека ги опфаќа сите тенденции и сите заложби кои се и направени и од работната група и од оние кои се испираат на работната група да се внесат сите тенденци сите новитети што со во европското право. Со овој Закон и со овој Предлог на закон може да се каже дека ние навистина доближуваме до европското право и за прв пат како што рече и господинот министер се воведуваат и нови кривични дела кои до сега во нашето законодавство не беа познати, а и според предвидените санкци и тука се гледа дека нашето општество застанува зад оние определби и спрема висината на санкцијата да се делува превентивно на тоа општествено зло. Јас само тука кратко би се осврнал само на одредбата на член 98-а од Предлогот на Кривичниот законик која се однесува на проширената конфискација. Ако се сеќавате и знам дека некои од вас беа присутни на едно советување кое беше одржано во Охрид, во рамките на кое се изнесоа предлозите на измените на Кривичниот законик, а во вториот дел на тоа советување се работеше за измените и дополнувањата на Законот за кривичната постапка. Една најжестоките или најжешките расправи беше баш во поглед на таа

одредба. Јас тогаш приложив еден писмен текст меѓутоа до сега тој писмен текст не се публикува иако академикот Владо Камбовски најави дека тоа ќе биде сторено во една од публикациите на Здужението за криминалистика и кривично право на Република Македонија. Може во текот на некоја идна публикација ќе биде тоа сторено, а јас сега кратко ќе ви кажам во однос на тоа што јас мислам.

За проширената конфискација што е содржана во ставот 1 во одредбата на член 98-а нема и што многу да се каже. Таа одредба е прилично добро формулирана и тука на крајот на таа одредба се заклучува дека законодавецот мислел на основано сомнение со зборовите: дека врз основа на сите околности судот основано е уверен дека имотот ги надминува закосннките приходи и на сторителот и на потеклото на такво дело. Да не ги повторувам бидејќи го имате текстот сите претходни наводи за која се однесува оваа проширана конфискација. Меѓутоа, според мое мислење одредбите на ставовите 2 и 3 се конфузни и малку дискутабилни и можеби треба за овие две одредби дополнително работната група или сега слушанавме дека веќе овој закон е во собраниска процедура на соодветен начин можеби и со амандманско делување да се пристапи на нивно поконкретно дефинирање. А во што ми е забелешката. Вака стипулиранаата одредба гледате дека зафаќа во одземање на имот не само на сторителот на кривично дело туку и на трети лица и може да се примени конфискација и до членово на семејството. Како што реков пред малку ставот 1 упатува на тоа основано сомнение во тие двата наредни става тоа го нема и тоа треба да биде присутно и за овие два става. Ова решение што е содржано во оваа одредба според мое мислење е и против уставно и против законито на некој начин бидејќи нарушува повеќе правни принципи и гаранции. Пред се нарушува правна сигурност на граѓаните, претпоставената невиност, принципот на докажување, а посебно на докажување на одредено кривично дело е извршено од конкретен сторител. Потоа овие сите работи што се материлајно правна смисла треба да бидат пратени и со соодветни и процесни одредби. Може единствено да се правда одредбата каква што е понудена во некои меѓународни документи бидејќи се спомнува и се препорачува концептот на

проширено одземање на имот и имотна корист. Така во препораката 202 од 11-тата седница од министрите на Советот на Европа за водечките начела се сугерира да во националните законодавства се воведе и редукција на доказниот стандард на ниво на основано соменение при докажувањето на незаконското потекло на имотот кој потекнува од организиран криминал. Тоа е исто така направено и во рамкованата одлука на Советот од 25.02.2005 година. Меѓутоа и сами можете да заклучите дека од вака стипулираните одредби во членовите 2 и 3 ова е прешироко е недоволно прецизно дадено и никој не може да го објасни кој е тој институт кој ќе утврди или на кој начин ќе се утврди дали членовите на семејството дале надоместок и кој е тој правнадоместок што одговара на вредноста на дадениот имот.

И на крај, трети лица како ќе докажат дека за предметот, имотот дале против надоместок што одоговара на вредноста на тој имот што го добиле. Како што знаеме ние до сега се државме и на институтите на совесен држател на одредени средства или велевме дека одредено трето лице на кој е пренесен имотот требало да знае или можело да знае дека тој имот потекнува од извршено кривично дело. Мислам и тука за тие два става при примената на оваа одредба ако остане како таква дека прво треба да се утврди повисок степен на сомнение а тоа е основаното соменение да се докаже тоа да не доведе до тоа оваа одредба да се приемнува арбитражно, самоволно и во масовна форма. Благодарам.

**Бонева Силвана**:

Ви благодарам за вашите укажувања на Предлог законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. За забелешките на членот 98 за проширената конфискација, посебно ставовите 2 и 3 дека се конфузни и прешироки и треба дополнително и на соодветен начин да се дефинираат. Ние би би биле благодарни до колку во вашите писмени забелшки кои што мислите да ги доставите ги срочите ставовите 2 и 3 онака како што мислите дека тоа е потребно за да се утврди повисок степен на соменение и врз основа на тоа да се врши конфискација на имот на членови на поширокото семејство.

А сега и давам збор на Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:**

Почитувани, при ваквите јавни дебати се овозможува се разбира размена на мислења сугестии и ставови и расправа при различни предлог закони што треба да се донесат во Собранието на Република Македонија и тоа детално да се разгледаат во однос на нивната содржина. Меѓутоа она што се забележува, за жал, е дека секогаш при сите вакви организирани јавни дебати во првата сесија во првиот дел имаме поголемо учество на пратеници и на гости кои што се повикани, додека секогаш во втората, во вториот дел од овие јавни дебати бројот на пристутни е многу помал, а уште помал би рекла брјот на медиумите кои што треба навистина да бидат тука и да пратат за се она што го говориме имајќи го предвид се работи за предлог закони кои се навистина би рекла релеватни значајни, значи во овој дел кога се работи за правдата и судството.

Но, да преминам кон Предлог законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик и би сакала да истакнам дека при разгледувањето на истиот, радува фактот што се врши усогласување на овој Предлог закон, со принципите на меѓународните договори, онака како што спомна и самиот министер дека се земени во обзир негдека околу десетина меѓународни договори и исто така усогласување со регулативата на Европската унија . Претходно, претходниот дискутант спомна дека фактички овој Предлог закон претставува и доближување до самото европско право. И јас би истакнала дека е добро што се воведува нов член 6-а со кој се врши усогласување на одредбите со Законот за малолетничка правда. Исто така сметам дека редно беше да се предвиди и одговорноста и на правните лица. Конфискацијата на имотот, значи проширената конфискација на имот стекнат со кривично дело кон извршителот и нему блиски лица што подразбира трети лица. Но, посебно е добро што се дадени јасни дефиниции за делата до природата на организираниот криминал. Лично сум задоволна исто така и од предвидените запретени казни за кривичните дела од природата на моралните дела предвидени во предложениот

Предлог закон. Со ова се олеснува значи и работата на судиите при изрекувањето и мерењето на казната.

Исто така за поздравување се  и другите интервенции кои што се направени врз одредени членови на овој Предлог закон, меѓутоа и покрај добрите новини постојат и одредени слабости се разбира и затоа имам забелешки особено кон членот 1 и членот 394 на овој Предлог закон. Значи, со оглед дека се работи за сложен закон, посебно поголем број на одредбите од Кривичниот законик немаат јасна дефиниција на елементите кои го сочинуваат соодветното кривично дело. Значи сакам да кажам поголем број кривични дела не се стекнувани, степенувани поточно истите би требало да имаат појасен опис на елементите кои го чинат делото.

Што се однесува на меѓународните договори односно конвенции кои  адхок се дел на националното право треба да се направи јасна дистинкција во поглед на нивна целосна или делумна имплементација во националното право, како на пример целосна имплементација на одредена конвенција во националното право, значи заокружување на истата без потреба на алтернативно повикување на нејзина примена во конкретниов случај како што е наведено во член 1 во Кривичниот закон. Значи, со вака назначениот член се дава за право да се констатира дека меѓуанродните договои и конвенции имаат алтернативна примена, и постои можност без оглед на завршената обука на судии и јавни обвинители да имаме случаи на селективна примена на меѓународните договори и конвенции па затоа сметам дека членот 1 треба да се допрецизира и тоа во смисла каде што гласи: во Кривичниот законик, "Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06 и 7/08, во членот 1 по зборовите: "не било со закон" се додаваат зборови "или со меѓународното право",што значи дека според зборовите "не било со закон", претходно кажаното се однесува токму на правната празнина. Што значи не треба да се дозволи ратификувана конвенција да не биде инволвирана во форма на одредби во националното право и токму затоа значи, предлагам да стои наместо зборовите "и", а не "или" да стои прецизно зборот "и" со меѓународните договори и ратификувани конвенции согласно со Уставот на Република Македонија. Значи, ова

е мојот предлог и би дала еден хипотетички пример. Да претпоставиме дека ете ново уведеното кривично дело тероризам, недостасува значи одреден елемент кој го чини битието на делото и можна е судска злоупотреба на примена на дел од конвенцијата што не одговара на природата на делото за кое се товари одреден обвинет или осомничен.

Значи, сакам да укажам дека се дава неограничена слобода на судечкиот судија и обвинителот да толкуваат дел на конвенцијата во моментот на примената кога има правна празнина во соодветната одредба на законот.

За членот 394-б ставот 1, кој се менува и кој што гласи како што е во одредбата на законот што се предлага, сметам дека заслужува поддршка и дека треба да се поздрави иницијативата за воведување на ново кривично длео како посебно кривично дело, предвидено во ставот 2 на цитираниот член од Кривичниот законик, а тоа е заканата што за разлика од стариот Кривичен законик ова дело беше предвидено како алтернативно. Меѓутоа сметам и стојам зад ставот дека запретената минимална казна од 4 години е мала, односно истата не кореспондира со казната запретена во став 1 од цитираниот член каде што е предвидена минимум 10 години или доживотен затвор и затоа предлагам наместо предвидена казна "најмалку 4 години" да стои "најмалку 8 години". И би сакала да образложам дека сметам така, бидејќи тргнувам од примерот на скоро сите земји членки на Европската унија како и Федералниот закон на Соединетите американски држави, и законите на скоро сите држави на Соединетите американски држави, кои што се поистоветува со сериозно би рекла внимание на кривичното дело закана и во случај на докажување на заканата, разликата на запретените и изречените казни за делата од ставот 1 на овој член е навистина мала. Општо е познато дека во Република Македонија, а посебно во поголем број држави на Балканот заканите сериозно се сфатени, а за жал и претходат на извршувањето на делата наведени во член 1 на цитираниот закон. Казната која се предлага кореспондира со природата на кривичното дело, зачестените појави на закани, стресните ситуации на семејствата и зголеменото криминигено условно население во Република Македонија. На крајот

на краиштата стручната пракса, научната анализа докажува дека на делата од ставот 1 на овој член им претходи сериозната закана. Значи јас ве уверувам дека голем дел на оштетени лица до сега не ги пријавуваат ваквите закани, односно овие кривични дела заради алтернативниот карактер и пристап што го имаше стариот односно претходниот кривичен законик. Се надевам дека предлагачот ќе ги земе во предвид овие забелешки. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам госпоѓа Флора Кадриу за вашите забелешки, за тоа дека поголем број на кривични дела немаат опис на елементите кои го чинат делото, за дефиницијата во членот 1 што треба да се допрецизира за меѓународните договори и конвенции, да не се остава на слободна интерпретација на судијата да ги толкува меѓународните договори и посебно на членот 111 колку што можев да разберам став 4, каде што се зборува за тоа кога некој ќе присили некого на извршување на дело или пак кога има сериозна закана дека ќе го нападне животот или на нему блиски лица дека казната од најмалку 4 години е мала и дека треба да се зголеми на 8 години. Ви благодарам. Се надевам дека министерот тоа ќе го земе во предвид, а сега збор му давам на колегата Александар Николовски.

**Александар Николовски:**

Ви благодарам.

Јас на почетокот би сакал да се согласам со тврдењето на колешката Флора Кадриу дека за жал салава е навистина празна и дека очигледно .. колегите кои што претходно беа тука, повеќе имаа интерес да ги претстават своите ставови пред медиумите отколку квалитетно да поразговараме за предложените закони, а смислата на овие дебати е токму да ги унапредиме до колку е возможно. Што само говори дека многу често повеќе политизираме отколку што водиме политика, но тоа го оставам на нивното политичко дејствување и начинот на кој што мислат дека треба да го градат.

Јас ќе бидам многу краток. Би сакал да поздравам две одредби кои што се предвидени со измените на овој Закон. Првиот се однесува на новинарите и ми е жал што не се тука, а тоа се измените кои што се однесувааат на ... на клеветата која се однесува на пренесување на туѓи ставови што мислам дека е во ред и мислам дека многу ќе им ја олесни работата на новинарите. Имајќи предвид дека до сега често беа жртва на процеси во кои што самите немаа одговорност туку во обид да ја презентираат вистината, почесто тоа го правева како пренесување на туѓи изјави, тука сакам само да потсетам дека мојата политичка партија и како знак на поддршка и како гест на поддршка ги повлече сите процеси,односно ги повелче сите тужби кои што ги имаше против новинари, а кои што се однесуваа на делото клевета, а се надевам дека и другите политички партии ќе го следат овој пример, а соодветно и измените кои што се во овој закон ќе овозможат нивна подобра работа, со цел подобро информирање на граѓаните.

Вториот дел кој што сакам да го поздравам, и кој што сметам дека е од вонредно значење и дека е штета што во изминативе години на независност на државата го немавме, тоа е делот кој што се однесува на производство и дистрибуција на детска односно малолетничка порографија, кој што не беше до сега соодветно регулирано, сметам дека е вонредно значаен. Да бидам искрен сметам јас дека треба да има и повисоки казни, но веројатно законодавецот тука се водел од некои општи стандарди кои што постојат и сметам дека со една серија на мерки кои што претходно ги направивме по однос на промена на Законикот кои што се однесуваат на слични дела ставен во рамка во која што се надевам дека ќе обесхрабриме значаен дел од активностите кои што до сега ни се случуваа. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам почитуван колега, се надевам дека јавноста ќе умее да цени какви се измените на Кривичниот законик и согласно дискусиите кои што ги имавме по измените и дополнувањата на Кривичниот законик, јасно станува збор дека се

работи за многу осмислен проект во којшто се инкорпорирани одредбите на законодавството на Европската унија, меѓународните договори и верувам дека ќе биде предизвик за правниците и кривичарите, а посебно пак и за нашите колеги бидјеки во процедура во Собранието на Република Македонија од денес влегува Кривичниот законик, да може да го разгледа сеопфатно и забелешките коишто беа дадени на денешнава расправа да бидат сериозно разгледани и по можност преточени со амандмани се со цел да го уште повеќе подобриме ова законско решение. Имајки во предвид дека измените и дополнувањата на Законот за Кривична постапка, односно Законот за Кривична постапка и измените и дополнувањата на Кривичниот законик и нивната доследна имплементација ќе направи казненоправниот систем на Република Македонија да стане поефикасен, да се зајакнат капацитетите за борба против криминалот и корупцијата, а во исто време да се гарантира заштитата на правата и слободите на граѓаните.

Јас можам само да го искажам задоволството и искрената благодарност до министерот за правда кој што до крајот беше со нас, да може да ни ги објасни најсуштествените промени кои што се прават во Кривичниот законик, да ни ги доближи измените, а во исто време им благодарам на почитуваните колеги, на претставниците на невладиниот сектор, на експертите, на претставниците на меѓународните организации кои што до крајот на оваа јавна дебата беа со нас и кои што дадоа огромен придонес во обликувањето на законските решенија кои што ќе придонесат реформите во правосудството да се движат во вистинска насока.

Уште еднаш ви благодарам на сите.